**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Андреј Жерновски, Весна Јаневска, Љубчо Георгиевски, Данаел Дончев, Илинка Митрева, Абдулади Вејсели, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Јани Макрадули и Блерим Беџерти ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас сакам да го изразам своето незадоволство, затоа што и по овие измени и дополнувања на законот, Владата поднесе суштински амандман, после рокот во кој што е овозможено за истиот да расправаат и работните тела на Собранието, а исто така и после рокот во кој што ние пратениците можеме да поднесуваме амандмани на овој предлог поднесен од страна на Владата.

Мислам дека бидејќи ова се случува по петти пат во период кога почна Собранието да работи, би било добро да биде и последен пат бидејќи Парламентот треба да биде тој што ќе ја врши контролната улога на Владата, а не онакака како што се га се случува, да се чувствуваме дека постои обратен процес. Јас во мојата дискусија би дискутирал токму по амандманот поднесен дополнително од Владата во кој што се предлага да се изврши фискализација на зелените пазари кои вршат трговија на големо и на мало. Онака како што Владата предлага, тоа значи дека на сите зелени пазари во Република Македонија трговецот кој што организира истиот е потребно да обезбеди фискален систем со кој што ќе се регистрира прометот кој што се врши на пазарот. Во најголем број градови, мислам дека и во повеќето, пред се, тоа се јавни претпријатија кои што имаат монополска положба на локално ниво, бидејќи нема други зелени пазари и во поголем дел се јавна претпријатија кои што покрај содејноста за организирање на зелен пазар вршат и други комунални услуги и се наоѓаат во тешка финансиска состојба, така да со ова дополнително оптоварување од страна на предлагачот, мислам дека во некој од градовите ќе се доведе во ситуација да не можат да обезбедат ваков фискален систем.

Исто така, доколку ова почне да се применува, се поставува прашањето кој и како и кога ќе го собира данокот. Значи, бидејќи замислата е јавните претпријатија да обезбедат фискален систем, претпоставувам одреден број на фискални апарати, истите да ги издаваат на оние кои што ги користат услугите и кои што држат одредена тезга на пазарот за тоа да плаќаат надомест. Се поставува прашањето кој ќе го собира данокот. Дали тоа ќе го врши јавното претпријатие, дали фискалните апарати ќе гласат на јавното претпријатие, или на трговецот и дали има право или овластување јавното претпријатие да врши собирање на тој данок. Бидејќи управата за јавни приходи е таа што треба да го собира данокот, а не јавното претпријатие. Јавното претпријатие си наплатува одредена такса, баждар за тоа што ги издава тезгите. Не е негова обврска да врши собирање на данокот од прометот кој што го вршат корисниците на услугите.

Исто така се поставува прашањето како ќе се собира и кога. Бидејќи пазарите во голем број на градови во државата, работат во одреден дел во неделата, дали два или три дена во неделата, дали тоа значи дека некој ден ќе доаѓа некој, или јавното претпријатие ќе го собира данокот.

Мислам дека постојат многу отворени прашања кои што треба, се надевам претставникот на Владата ќе ги објасни и доколку остане ваквото решение, не само што ќе биде неприменливо, туку ќе предизвика поголема забуна, отколку нешто да регулира.

На крајот, би сакал да кажам дека јас сум свесен дека цената за оваа постапка ќе ја платат пред се, и земјоделците и граѓаните, затоа што јавните претпријатија, бидејќи имаат монополска положба, ќе ја зголемат или таксата за да можат да ги набават овие фискални апарати. Исто така ќе воведат такса и за користење на фискалните апарати и тоа ќе биде дополнително оптоварување за самите земјоделци, иако пред неколку седници донесовме закон со кој што ги намалуваме давачките, а сега по мене се воведува уште една нова давачка, а земјоделците, бидејќи во најголем број се работи за луѓе кои што остваруваат основна егзистенција со продавањето на своите производи на пазарот, ќе ги покачат цените, доколу тоа го дозволува конкуренцијата и вкупната цена на оваа постапка ќе ја платат граѓаните.

Мислам дека е најдобро Владата да го повлече овој предлог, добро да размисли, бидејќи онака како што е сега конципирано и ако почне да се реализира, ќе предизвика повеќе проблеми,

отколку дека ќе решиме некое прашање и дека ќе ја сузбиеме сивата економија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Сакам да дадам едно дообјаснување во однос на овој амандман. Пред се, не се работи за зелениот пазар за земјоделци и за граѓани кои што продаваат на зелен пазар дека ќе бидат фискализирани, туку се работи исклучиво за трговци кои што се впишани во регистарот за трговски друштва. Значи тоа да го разграничиме. Не се работи за сите што се на пазарот, туку исклучиво за трговците кои што се регистрирани во трговските друштва.

Значи, тоа е една работа и тезите дека ќе поскапат производите не држат, затоа што ДДВ знаете како се наплатува. Тоа се враќа понатаму, не учествува како додатна дејност за додатна давачка на производите. Значи, многу е битно тоа да се каже пред јавноста дека нема производите да поскапат и дека ова се однесува само за регистрираните трговци.

Во однос на обезбедувањето на фискалните каси во амандманот многу јасно е напишано дека организаторот на пазарот ќе обезбеди систем на опрема за регистрација. Не значи дека сите фискални каси тој мора да ги купи, туку тој треба да обезбеди, значи треба во договорите со трговците кои што се на тезгите да направи договор дали тие ќе ги купат, дали тој ќе им ги даде на рати, дали ќе помогне нешто финансиски и за таа работа уште постои простор и време бидејќи овој закон важи од шести месец наредната година да се разработат сите модели на обезбедување на фискални каси.

Поентата ми беше дека не се работи за поскапување на пазарите, не се работи за оние пазарџии кои што имаат дополнително произведување на одредени производи и сега вишокот сака да го продаде на пазар. Се работи исклучиво за регистрираните трговци кои што се регистрирани во трговскиот регистар.

За останатите учесници во пазарот, кои што се нарекуваат трговци од мал обем, Министерството за економија ќе подготвува посебни уредби, посебен закон, најверојатно, бидејќи уредбата која што ја донесовме ланската година за трговци од помал обем, таа е укината од Уставен суд и сега имаме разработено една нова варијанта да се донесе закон за трговци од помал обем и потоа ќе се применува и кај нив ќе се разработува оваа проблематика со фискализацијата.

Значи, сега ова се однесува само за трговците кои што се регистрирани во трговскиот регистар. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Николов Марјанчо, три минути.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на заменикот министер за објаснувањата, меѓутоа, доколку го мисли тоа Владата, треба да го напише во законот, или во измените и дополнувањата и исто така, не се согласувам дека доколку се работи само за трговците во тој случај е потребно постапката да си ја води Управата за јавни приходи и нема никаква потреба да се вмешуваат во целата постапка јавните претпријатија кои што го организираат зелениот пазар, а исто така дека ќе дојде до поскапување на производите знаеме дека за да некој оствари некој поврат на ДДВ, е потребно да остварува промет некаде над милион и триста денари, а бидејќи во најголем број случаи се работи за трговци кои што остваруваат промет под оваа граница, јасно е дека тие бидејќи нема да можат да го повратат данокот ќе ги поскапаат своите производи.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Слободан Најдовски, три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа, почитуван заменик министер,

Со секое јавување и секое ваше објаснување од страна на Владата се повеќе завлегувате во тоа дека не можете да го објасните предложениот амандман. Прашајте ги во Управата за јавни приходи оние кои што беа кај вас да ви кажуваат за овој член и тие не знаат дека ваков амандман предложила Владата, од едноставна причина. Знаете ли вие кој може да обезбеди, односно кој може да земе фискален апарат. Знаете ли дека фискалниот апарат гласи на име на фирмата. На кој ќе гласат овие фискални апарати? На име на организаторот на зелениот пазар, тоа е трговецот, односно ќе гласи на пазарот. Како може тој да биде тогаш даночен обврзник. Даночен обврзник е како што велите вие трговецот. Ако сте имале намера тоа да го направите, може на друг начин. Но на Владата не вреди да и се објаснува. Ова е неспроведливо. Ќе има на пример икс фирма која ќе користи тезга на пазарот. Фискалниот апарат мора да гласи на таа фирма икс. Не може да гласи на организаторот на пазарот, на трговецот, затоа што во тој случај трговецот, односно организаторот на пазарот ќе биде даночен обврзник.

Второ, не може секој ден тој што ќе му ја менува тезгата, да му го менува фискалниот апарат. Тој има меморија, технички е неизводливо и законски е неизводливо. Ако вие сте сакале, тезгата да не му се издаде на оној што нема фискален апарат, тогаш предложете таков амандман, а не ваков. Вака како што е предложено овде, не е ништо друго, туку дека трговецот, односно организаторот на пазарот треба да обезбеди 500 фискални апарати да речеме за Битола. Тие ако тој ги обезбеди ќе бидат на пазарот, нема да бидат на корисникот на тезгата, онака како што вие сте замислиле. Можеби имате нешто замислено, но немате така предложено во амандманот кој што е овде. Тогаш повлечете го амандманот, предложете онака како што имате замислено.

И на крајот на краиштата јас завчера дискутирав, немало да ги поскапи тезгите. Тоа е по математиката која вие ја правите. 500 фискални

апарати ако купи Битолскиот пазар, тоа се сто илјади евра. Сто илјади евра не може десет години да ги извади Битолскиот пазар. Во тој случај тие сто илјади евра ќе им ги префрли на корисниците на тезгите. Нема на друг начин како поинаку да го направи.

Мислам дека и убеден су од пракса што ја познавам оваа проблематика, дека овој амандман е неспроведлив. Можеби имате друга замисла, но ова што сте го напишале не е тоа што вие го кажувате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам.

Само сакам да посочам во амандман еден, став 2 јасно е објаснето дека нема организаторот на пазарот да биде корисник на фискалната каса, туку ќе биде трговецот кој што е регистриран. Тоа е чисто и јасно прецизно кажано и тука нема дилеми. Кој ќе ги купи касите, како ќе ги купи, тоа ќе биде организаторот на пазарот во функција да одлучува, да се договара, бидејќи тој прави договори со тезгаџиите, значи со трговците пред Нова година, годишно или квартално и во таа насока ќе се договараат како да се обезбедат средствата.

Значи, корисник ќе биде трговецот, обврзник ќе биде исто така трговецот и тоа не е дилема. Во однос на прашањето ако не достигне милион и триста за даночен обврзник, значи до квотата од милион денари, ако не ја исполни таа квота, тој не е даночен обврзник и потпаѓа само на контрола, се врши само контрола над него, се врши само евидентирање нема да плаќа ДДВ и не подлежи на даночен обврзник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Жал ми е што во оваа расправа треба да се вклучам само со една единствена цел, а тоа е дека на мала врата ни се протнуваат амандмани од страна на Владата, за кои што ниту имаме време, ниту бевме во можност да ги разгледаме и амандмански да делуваме на овие амандмани кои што ни ги поднесе Владата.

Најнапред, како што кажа претставникот на Владата дека фискалните апарати треба да ги набави организаторот на пазарот. Точно организаторот на пазарот ќе ги набави, меѓутоа, на чии товар ќе бидат набавени. Јас не знам, освен Скопски пазар дали во Република Македонија се приватизирани и другите пазари, или се под ингеренции на јавни претпријатија кои што се основани од страна на единиците на локалната самоуправа. Значи, тоа е уште еден удар врз локалната самоуправа.

Како што кажаа и претходните дискутанти, фискалните апарати пред се, не е лесно на еден зелен пазар да се поставаат фискални апарати и како ќе се задолжат прво луѓето што ги користат тие апарати. Не е точно дека само трговските друштва кои што се регистрирани треба да имаат фискален апарат. Може и трговец поединец кој што е даночен обврзник е обврзен да има фискален апарат. Кој ќе ги внесува артиклите на фискалниот апарат?

Денес на една тезга, ако е веќе предвидено трговското друштво да се бави со продажба на земјоделски производи, денес можеби има 20 артикли, утре може да има 50 артикли. Кој ѓе го врши внесот на тие продукти, како ќе бидат тие и како е тоа замислено? Дали имате искуство од некоја земја, која што има воведено фискализација на зелениот пазар? Дали е земено некое искуство во амандманите на овој закон? Сметам дека ова е направено паушално од страна на Владата и на Министерството за економија. Сметам дека најдобро би било овој закон да се повлече од расправа и овие амандмани, за да се испита барем да имаме некое сознание и на регионално ниво, каква е ситуацијата во другите држави околу фискализацијата на зелените пазари.

Оптоварувањето, како што кажа претходниот дискутант, ќе биде на земјоделците. Ние од една страна на земјоделците им овозможуваме помало ДДВ, кое што само условно е кажано дека е помало за земјоделците, помало е за трговците и профитот го остваруваат трговците, а сега ќе ги оптовариме уште со една давачка околу плаќањето, ако ништо друго барем такса за фискалните апарати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Како што реков во петокот, со оглед на тоа што ми го скративте правото на процедурална реакција, денес ќе се јавам за збор, за да искористам повторно да актуелизирам некои прашања, не само што се однесуваат на овој закон, туку и на односот на парламентарното мнозинство во ова Собрание. Чувствувам за потребно, особено после денешната колумна објавена во весникот "Дневник" на Влатко Ѓорчев. Уште еднаш да објаснам начинот на кој што оваа Влада и ова парламентарно мнозинство се однесува, откако дојдоа на власт. Ние не го негираме фактот дека ги изгубивме изборите, меѓутоа не можеме ни да премолчиме ни во име на тоа да ги избегнеме обвинувањата од страна на парламентарната позиција да се однесуваме опортуно и да ги прифаќаме сите прекршувања на Деловникот што парламентарното мнозинство и вие претседателе ги правите. Како и сите брзоплети на Владата кои што воопшто не се реформски, туку брзоплети не одат во функција на остварување на реформите кои што Македонија треба да ја приближат до Европската унија, туку напротив, сака да се направи привид дека нешто многу се работи, а во суштина за овие и речиси 100 дена ние не сме имале прилика да дискутираме за суштинските реформи кои се

бараат од нас. Напротив, ние продолжуваме во насока на она што беше најостра критика, една од најострите критики во извештајот на Европската комисија, а тоа е немањето дијалог и однесувањето на парламентарното мнозинство кон опозицијата, меѓу другите и во ова Собрание, затоашто се крши Деловникот, се гуши демократијата, затоа што Владата во конкретниот случај овој закон го предложи на 23 октомври, седницата е закажавте на 8 ноември, на 23 ноември, значи пред неколку дена ни достави амандман, кој станува составен дел на Законот, а кој што вие претседателе не чувствувавте за потребно да го разгледува Комисијата за економски прашања и покрај тоа што на тоа сте обврзани со Деловникот. И покрај тоа, ние учествуваме во расправата по овој закон, затоа што сметаме дека така го кажуваме гласот на оние граѓани кои што го дадоа гласот за нас и кои што разбираат и имаат елементарна политичка култура дека повременото напуштање на седницата е политички гест, дека парламентарното мнозинство е тоа што прво треба да обезбеди присуство во салата, и ако на некого треба господинот Ѓорчев да му направи забелешка за недоаѓање на седници и немање кворум, тогаш би требало тоа прво да го направи на своите колеги пратеници и да ги обврзе да седат на седницата, затоа што и тие се избрани од граѓаните за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Вие говорите процедурално за уредничката политика на “Дневник” или за законот. Одберете за што ќе дискутирате.

**Славица Грковска:** Ова има врска со законот, претседателе и сега ќе објаснам како. Само ве молам да бидете трпеливи и во оној момент кога тоа не се коси со вашата партиска определба, да бидете пострплив и да имате трпение и да видите дека се е поврзано со законот.

**Љубиша Георгиевски:** Ова ви е прва дигресија, уште една дигресија и ќе ви одземам збор.

**Славица Грковска:** Имам право до три дигресии.

**Љубиша Георгиевски:** Уште стариот темен Херакли рекол дека се има врска со се. Ако говорите овде за колумни и за прекршување на Деловник, тогаш говорете и барајт збор процедурално. Сега, јас ви дадов збор да говорите за закон. Според тоа, повелете говорете за закон, неограничено.

**Славица Грковска:** Јас реков бидејќи манатиот пат ми беше ускратено правото на процедурална реакција, затоа се јавувам сега.

**Љубиша Георгиевски:** Што не го побаравте сега?

**Славица Грковска:** Сега ќе ви кажам зошто е ова поврзано со законот.

Имено, сакам да напоменам дека ние нема да можеме да одиме во насока на донесување на закони и нема да можеме сериозно да дискутираме за овој закон во кој што е истакнато дека основна причина поради која се предлага изменување и дополнување на Законот за трговија е потребата од либерализација на системот за работење, можноста за отворање на нови работни места и поттикнување на потрошувачката, доколку парламентарното мнозинство не обезбеди почитување на Деловникот и не обезбеди присуство на нивните пратеници за да има доволно кворум и да можеме да пристапиме на гласање. Имено, ние работевме по истиот Деловник минатиот пат, донесовме преку 480 закони, тогашната опозиција ги користеше истите механизми, меѓутоа ние успеавме на крај благодарение на таквата работа да го обезбедиме кандидатскиот статус на Република Македонија. Значи, ние тогаш не велевме дека опозицијата прави опструкции и дека заради тоа не можеме да ги носиме законите, ниту го ускратувавме правото на долги дискусии, затоа што сметаме дека е тоа демократско право.

Мислам дека целта со овој закон нема да се постигне, особено не отворање на нови работни места и либерализација на системот за работење. Уште еднаш ќе повторам, Законот за работни односи кога го носевме, најголемата заложба беше да се најдат механизми како да се заштитат работниците од работодавците. Доколку парламентарното мнозинство прифати во неделите и во државните празници да се продолжи работното време неограничено, верувајте ми дека тоа ќе наиде на злоупотреба, дека целта за отворање на нови работни места нема да се постигне, туку напротив истите вработени ќе бидат принудувани да работат подолго отколку обично и нема да имаат можност да користат државен празник или неработен ден во недела, затоа што на работодавацот, на најголемиот дел од работодавци нема да им оди во прилог да вработубваат нови работници, туку да ги експлоатира колку е можно повеќе старите работници, затоа што на тој начин неговите трошоци нема воопшто да се зголемат. Од друга страна, напротив, потрошувачката реално може да се зголеми заради тоа што ќе работат неограничено. Така, мислам дека основната причина поради која што се предлага овој закон, практично, ја нема. Ние рековме дека ќе бидеме конструктивни, дека ќе поддржиме секој закон кој што оди во прилог на граѓаните, заради тоа што тоа е во интерес на сите граѓани и тука не би требало да има партиска припадност. Меѓутоа, не можеме да прифатиме закон којшто оди на штета на граѓаните или на одредена категорија на граѓани, особено заради тоа што постојано се соочуваме со реакции од страна на работниците дека добар дел работодавци не го почитуваат строгото работно време и не се во состојба да реагираат или пак државата не презема доволно мерки за нивна заштита. Доколку има поголем сенс од страна на парламентарното мнозинство и од страна на Владата и од страна на вас претседателе да го почитувате Деловникот, тогаш ние ќе можеме да се фокусираме само на расправата по законите и нема да се

оптоваруваме со тоа дека ни се скратуваат правата кои што деловнички ги заслужуваме. И може да бидеме обвинувани за тоа дека не сакаме германски деловник, дека не сакаме француски банки, дека не сакаме италијански обвинители, сакам да кажам дека тука не станува збор за сакање или несакање. Господинот Ѓорчев можеби сака италијански обвинител, меѓутоа, дозволете јас преферирам Македонци и тоа од спротивниот пол и такви афинитети на господинот Ѓорчев не би можела да ги коментирам и да ги прифатам во име на граѓаните на Република Македонија. Значи, ако во овој закон се предлага нелогично решение, односно продолжување на работното време во неделите и во државните празници, тогаш ние нема да го прифатиме тоа, не заради тоа што сакаме или не сакаме, туку затоа што мислиме дека не е добро за работниците. Јас разбирам дека левицата е таа што треба да се грижи за работниците и за тоа реагираме. Десницата, се разбира, ќе биде ориентирана повеќе да се грижи за капиталот и за оние што го продуцираат. Се разбира дека не можеме да прифатиме трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало, дека е должен да обезбеди фискален систем на опрема и тн., затоа што знаеме дека е тоа неизводливо. Јас прашувам кој од стоте чекори е овој за реформа. Кој од стоте чекори или кои од обврските што Македонија ги има преземено во Република Македонија за стекнување или за почеток на преговорите со Европската унија е овој. Ние не се фокусираме на суштинските нешта. Ние се фокусираме на шминкерски предлози кои само прават камуфлажа во јавноста дека нешто се работи. Меѓутоа, тоа верувајте ми нема долго да трае, затоа што точно се набележуваат сите потези кои што се прават од страна на парламентарното мнозинство и од страна на Владата. И ако упорно инсистира парламентарното мнозинство дека има дијалог, тоа не значи дека само да седнете и да разговарате, но дека треба да се направи некаков компромис или некаков договор во име на подобро функционирање или во име на интересот на граѓаните. Нас не ни преостанува ништо друго, туку да дискутираме и да дебатираме за овие прашања, затоа што сметаме дека се важни. Не можам да прифатам тави карактеристики за пратениците, особено од пратеници кои четири мандати влегле неколку пати на седници и нормално не можат да имаат увид дали некои пратеници од претходните мандати зборувале или не зборувале. Но, бидејќи сега се принудени да прават кворум, гледаат дека има пратеници што зборуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувајќи го вашиот совет да го почитувам Деловникот, ова ви е втора дигресија. Вие можете да говорите, не ве терам да завршите, ова ви е втора дигресија.

**Славица Грковска:** Бидејќи одите во насока на корекција, ако можам така да разберам од вашата последна забелешка, се надевам дека ќе го поправите вашиот став, покрај тоа што не ми дозволивте да реагирам амандмански, не дозволивте Комисијата за економски прашања да расправа минатиот пат и ако одите во насока на почитување на Деловникот, ве повикувам да го почитувате тој член од Деловникот и да дозволите Комисијата за економски прашања да расправа за амандманот кој што дополнително беше поднесен од Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас повторно на пратеничката Грковска ќе и ги повторам поентите кои што ги спомнав во колумната и ќе ги набројам.

Македонија мора да се менува. Мора да се менува стварноста која е катастрофална. Интернетот кој го нема, дупките кои мора да се пополнуваат. Инвестициите кои не заобиколуваат. Младите кои заминуваат, заостанатоста која мора да ја надоместиме. Но, не е лесно. Тука се кочничарите на модернизмот. Тие не ги сакаат промените. Сакаат бесконечен статус кво, затоа што така се на врвот на пирамидата. Пирамидата тоне во жива кал на неспособност и пропуштени шанси, но барем тие се на врвот. Транзициона пирамида на транзициските сталежи и класи, која ја градеа со финансиски пирамиди, ѕидана со тулите на многу лични несреќи. Кочничарите на модернизмот сакаат да го забават секој процес. Кои се именките? Блокадата, нивната филозофија. Опструкцијата, нивното оружје. Инаетот, нивниот метод. Штетата, нивна последица. Како поинаку да се објасни намерното недоаѓање на седници, бескрајните дискусии, одбивањето на корисните предлози. Министеството за информатика е неопходно за просперитетот на нашиот народ, изолиран народ, затоа што имаме само 6% корисници на интернет, па повеќе имаат Малезија или Мароко. Или не сакаме да бидеме дел од модерниот свет, мора да се движиме брзо, затоа што многу заостануваме. Аналогно мораме брзо да ги носиме законите. Додека нашите кочничари на модернизмот и слуги на Папата се занимаваат со идеолошки заблуди, а потоа измитарени и со друго име продолжија со ТАТ, монополи, ручеци, ембарго, светот одеше напред. Кочничарите на модернизмот плачат дека се опструирани и надгласани. Постојана себвиктимизација која ја повторуваат по медиумите кај странците и насекаде. Се претставуваат како жртви, сакајќи да го блокираат системот и реформите. Нашиот Парламент мора да донесе околу 800 закони во четири години ако сакаме Македонија да биде средена држава. Но, нашите кочничари сакаат да се носи само еден закон месечно. Што помалку закони и работа на општа штета, но нема да им успее. Не сакаат германски деловник, француски банки и италијански обвинител. Не сакаат нови методи, туку статус кво. Скаат Штерјо-обвинители, Прчевски-извршители, Петра-даночници, Макрадули-послушници, Радмила-марионети и Хари-банкари. Затоа, тие се опструктори на реформите, заштитници на

олигарсите, арамии на транзицијата, естаблишмент кој е инсталиран, систем кој е вкоренет, свет кој е константа, номенклатура која е штетна. Затоа бевте поразени на 5 јули. Благодарам.

(Френетичен аплауз).

**Љубиша Георгиевски:** Грковска Славица има минува од една минута.

**Славица Грковска:** Господине Ѓорчев, ние сме тука да носиме квалитетни закони, а не брзи. Знаете, народната како вика, брза кучка..., не морам да продолжам понатаму. Господинот Ставрески кој што се фали дека Владата оди пребрзо, па дури ни странците не можат да ја следат, мислам дека тоа не зборува добро за Владата, поготово што во последна минута ни поднесува амандмани на секој закон што досега го поднела во Собранието.

Јас ќе верував во искреноста на вашата колумна, ако прочитавте дека во колумната го има и ова: "Драги социјал демократски мифки, вие сте избрани и платени од граѓаните да седите во Парламентот, а не во секоја пригода да кидате".

Госпоѓо Бонева, вие треба да се извините за вашиот колега пратеник. И меѓу другото, ако вака не нарекувате нас од опозицијата со што еден од механизмите на изразување на политичка волја е излегувањето од салата, тогаш треба да им се обратите и на вашите колеги кои исто така се избрани од граѓаните да седат во салата, а ги нема и за тоа не можете да обезбедите кворум.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине претседателе.

Ќе ја искористам својата можност остро да протестирам против начинот на кој ја водите оваа седница односно против вашите двојни аршини. Тие не ви одат во прилог ниту вам, а што е уште пострашно, ниту на институцијата Собрание на Република Македонија. Вие не можете и не смеете, ниту сте добиле мандат, за иста тема да прекинувате опозиционен пратеник, а на пратеник од вашата политичка опција да му дозволувате делиричен маркетиншки настап од говорница. Овде, очигледно некој сеуште го живее својот опозиционен сон и помило му е со плукачка реторика да говори за минати настани, наместо од позиција на власт да објаснува што сториле овие последни 90 и неколку дена.

Ве молам господине претседателе, сочувајте го дигнитетот на институцијата Парламент на Република Македонија и на секој пратеник, бидејќи е избран, во име на граѓаните кои го избрале да го претставува нивниот глас.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Еве го моето објаснување.

Оградувајќи се од вашите политички дисквалификации, објаснувањето е следното: Секој има право на реплика, ако е спомнат. Овде имавме двојно спомнување . Прво беше спомнат Влатко Ѓорчев, изричито и второ беше спомната темата во врска со која тој беше спомнат односно неговата колумна во Дневник. Тој не кажа нитуб еден збор надвор од колумната. Според тоа имаше право. Затоа е и репликата.

Три минути реплика за Секуловска Мирјана.

**Мирјана Секкуловска:** Благодарам претседателе.

Дискусијата на колешката Славица Грковска не може поинаку да се дефинира освен чисто опозициска и која не е фундирана ниту на професионалност ниту пак на конструктивност. Нејзината дискусија чисто е паушална, воопшто не е издржана затоа што со измените на законот за трговија, практично секој сопственик има право да избере дали ќе се однесува по тоа работно време, како што стои во измената на законот.

Што се сака да се постигне со измената на Законот за трговија? Се сака да се легализира вработувањето на лицата кои досега не се евидентирани како вработени односно работат на црно, да се намали даночната евазија и без број други економски позитивни ефекти. Сакам да напоменам дека останува право на избор на сопственикот дали ќе се однесува по измената на Законот.

Второ, тие кажуваат дека ја поддржуваат фискализацијата. Што досега тие направиле во однос на фискализацијата? Конкретно за пазарите. Нормално е да се воведе фискален систем и во пазарот затоа што на тој начин ќе се спречат големиот број на шлепери кои не можат да се евидентираат и така да имаме евиденција на целиот промет на стоки и услуги, што досега не беше евидентирано и се одеше на црно.

Во однос на она што се зборува дека се коси со Законот за ДДВ, апсолутно не е точно. Значи фискализацијата на пазарите нема никаква врска, ниту пак се коси со Законот за ДДВ, бидејќи на сите ни е јасно дека ДДВ го сноси крајниот потрошувач.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Јас не знам зошто се изненадени нашите колеги што нашите настапи се опозициски. Па ние сме опозиција. До пред малку не обвинувавте дека не можеме да ја да ја прифатиме реалноста. Напротив, јас мислам дека парламентарното мнозинство не може да ја прифати реалноста дека тие ја имаат најголемата обврска и одговорност за тоа Што се случува во државата. Обврска и одговорност има и опозицијата, меѓутоа во сосема друга димензија. Мислам дека доколку побрзо парламентарното мнозинство го свати тоа, толку по конструктивни седници на Собранието ќе имаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Филипова Верица.

**Верица Филипова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Во мојата денешна дискусија ќе зборувам без да навредам никого. Ќе се потрудам да го сочувам достоинството на сите 120 пратеници. Нема да употребувам зборови, како зборот “мифка”, затоа што и не ми приличи.

Гледајќи ги колегите пратеници околу мене, не верувам дека и во досегашното нивно однесување, не само во Парламентот, туку и во обичниот живот, употребуваат зборови како “мифка” и сл. Тоа народот го цени, приличи на некои други што покажаа и во денешните написи во весниците.

На почетокот би сакала да подискутирам како член на Комисијата за економски прашања.

Предлог законот за измените и дополнувањата на Законот за трговија, сите пратеници го добивме како предлог на Владата во текот на месец октомври 2006 година.

Комисијата за економски прашања заседаваше и го разгледуваше овој Предлог, на седницата одржана на 1 ноември 2006 година. Тоа можете да го видите од Записникот на Комисијата, Извештајот кој беше доставен до сите пратеници. Исто така добивме и Извештај од Законодавно-правната комисија, од нивната седница одржана на 2 и 3 ноември 2006 година.

Како членови на опозицијата во овој Парламент, како членови на СДСМ, на Комисијата за економски прашања учествувавме активно и конструктивно во дискусијата. Сето тоа може да се види и од Извештајот кој претходно го наведов, каде децидно стои дека врз основа на расправата, Комисијата за економски прашања едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и да го усвои предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за трговија. Имено, одлучивме да дејствуваме конструктивно и да дадеме поддршка на овој закон. Добро, ама, како што веќе стана пракса во овој Парламент, како што веќе стана пракса на предлагачите на законите каде Владата е предлагач. Имено, на 15.11.2006 година, добивме амандмани со кои суштински се менува овој Закон за трговија, суштински се менуваат 14 членови од претходниот Закон, со пет нови амандмани за кои немавме можност да се изјасниме ниту во Комисијата за економија ниту во Законодавно-правната комисија. Да потсетам, нешто слично се случи и со Законот за полиција каде после сите расправи, после рокот за поднесување амандмани, беше направена суштинска промена во годините за стаж во полиција, на раководните структури. Втор пат истото се случи кога се дискутираше за ребалансот на Буџетот за 2006 година, каде огромни 20.000.000 евра, амандмански беа пренаменети и дадени поклон на МЕПСО. Исотот се случи во Законот за спречување на корупцијата каде повторно при крајот на расправата, после сите рокови, после сите комисии, со амандмани се предложи ротирачка функција на претседателот итн, за сега повторно истиот модел, истата формула, да добиеме амандмани после разгледувањето на комисиите, после рокот за доставување на амандмани, да добиеме суштински амандмани од Владата. И повторно вие, ценет претседателе не дозволивте да поднесеме амандмани, не дозволивте уште еднаш да се разгледа во надлежните комисии, туку повторно правите напори на мала врата да се протуркаат и овие законски измени.

Законските измени се уште еден обид за донесување на типично десничарски закон, за донесување на законски измени кои ќе бидат на грбот на сиромашните, за донесување на законски измени кои ќе бидат на грбот на земјоделските и сточарските производители, а кои ќе ги штитат, ако можеме така да кажеме, побогатите на зелените пазари односно прекупците, накупците, регистрираните трговци.

Јас накратко би кажала каква е состојбата на зелениот пазар во Штип од каде доаѓам. Имено, во пазарен ден излегуваат околу 250 производители, закупуваат тезги. 70% од нив се индивидуални земјоделски и сточарски производители. Со донесувањето на овие законски измени, значи дека од 1 јули нема да можат повеќе да продаваат на зелениот пазар индивидуалните земјоделски и сточарски производители кои не се регистрирани. Ајде и да кажеме дека фискализацијата на зелениот пазар, организаторот на пазарот ќе успее и да ја спроведе. Меѓутоа, како мисли Владата да ги фискализира индивидуалните земјоделски и сточарски производители и што со нивната фискализација. Приходот што ќе го прикажат преку фискалната каса, ако тие не се даночни обврзници, зошто е потребен, каде ќе оди тој приход. Што ќе правиме?

Би сакала на крај да поставам прашање на претставникот од Владата. Имено тој кажа дека законот не се однесува односно амандманите не се однесуваат на трговците од помал обем и не се работи за сите трговци туку за регистрираните трговци. Читајќи ги амандманите, тоа не го сретнав никаде. Затоа би сакала да го запрашам на кој начин ќе се направи таа нивна интервенција, да се изземат од овие амандмани и од 1 јули да можат на пазарите да продаваат и индивидуалните производители кои го хранат своето семејство токму со таа продажба на производите што ги продаваат на пазарите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Да разграничиме една работа која ја повторувам по втор пат.

Фискализацијата се однесува само за трговците регистрирани во трговскиот регистар. Сите други земјоделци кои, да речеме продаваат бижутерија, метли, сувенири итн, кои не се регистрирани трговци, туку се регистрирани во општините и подлежат на Законот за паушално плаќање, не подлежат на овој закон. Значи, да разграничиме. Не се однесува за земјоделците кои плаќаат

паушал. Производителите, земјоделците нема да бидат оптоварени со овој закон, ниту фискализација, ниту ДДВ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Неждет Мустава;

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека претставникот на Владата на сличен начин ќе одговори и на мојата реакција.

Врз основа на содржината на овој амандман, веднаш би сакал да се потсетиме дека и во процесот на донесувањето на овој закон во 2004 година, исто така сум говорел со аргументи што денес имам да ги изнесам односно бев против донесувањето на овој закон, од аспект на Ромската заедница. Токму и денес сакам да ја поздравам иницијативата и содржината на овој амандман и сметам дека нашата држава во областа на трговијата има силна потреба од донесување на еден таков закон односно дополнителен амандман, при што во овој случај би можел да постане и компактен. Но во целиот овој случај, во однос на особената грижа, особено од мојата изборна единица, број 3, од Велес па до Делчево, јас навистина би сакал да ја изнесам мојата грижа, а секако и гласот на Ромската заедница дека се директно погодени со овој амандман. Значи не би сакал веднаш да ви оставам погрешен впечаток дека популистички настапувам, туку би сакал да ве замолам да ја сватите другата страна од целосната грижа на Ромската заедница за што сме сите свесни дека тие се најсиромашни од сиромашните во нашето општество и дека се наоѓаат во позиција на најневработени од невработените. Од тој аспект сметам дека овој амандман отвора силна грижа за Ромската заедница, што ќе стане со тие луѓе, бидејќи сите знаеме, пропишаните правила во Закнот говорат дека не би смееле понатаму да продаваат пред продавниците, на проодните улици, каде практично Ромите одвај прават егзистенција токму на тие места.

Сметам дека овој лекспецијалис не е директно против Ромската заедница во Република Македонија и дека сигурно дека министерот ќе ја утеши Ромската заедница. Дали тоа значи дека со донесувањето на овој закон, инспекторите и полицијата ќе бидат подготвени, по донесувањето на овој амандман, да ги истераат на легален инструмент Ромската заедница, а со тоа пак ние мислам дека ќе имаме една социјална криза во нашето општество, доколку и тоа и направиме на Ромската заедница, да ги отстраниме од тие улици и прометни места каде оние прават своја егзистенција.

Зошто не го прифати во 2004 година овој Закон? Сметам дека и денес е погоден момент да се каже, доколку не ги исполнуваат овие критериуми со фискализација, во тој случај поради нивната катастрофално мизерна состојба следуваат и казнените мерки. Да кажам, со членот 55 каде се вели:"Со парична казна од 200 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок, правното лице, ако врши трговија без да е регистриран во соодветниот регистар, согласно Законот, член 2 став 2".

Сметам дека Буџетот на Ромската заедница не дозволува таква комоција, за да може да се легализира неговиот ситен интерес.

Следно би сакал да ви го покренам повторно вашето внимание, каде што сметам дека нема да ја покренете полицијата, инспекторите, против нивната бедна егзистенција е членот 56, каде вели"со парична казна од 150.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок правмното лице ако врши трговија на големо пред магацините, складовите и деловнит епростории". Токму таму, каде што имаме практичен проблем со мојата заедница. Односно врши трговија на мало и дава услуги од трговија пред продавниците односно деловните простории за кое тоа не е одобрено од Советот на општините.

Познавајки ја ситуацијат аи релацијата на Ромската заедница со локалните самоуправи, сметам дека со овој амандман отвораме еден силен простор на сериозна грижа, каде што ќе треба навистина да се употребат многу други средства за да не ја ставиме Ромската заедница во една таква тешка состојба, од тешката позиција што ја имаат.

Така, почитуван минситре и почитуван претседателе, сметам дека би можеле да ме охрабрите, односно Ромската заедница со вашиот одговор, што ќе стане со Ромската заедница во однос на употребата на овој амандман?

Благодарам на трпениeто.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има заменикот минситер за економија.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Одговорот е како и претходниот, се што спаѓа во трговски регистер, трговски регистрирани, ќе подлежат на оваа фискализација. За другите, кои плаќаат паушално, имаме земјоделци регистрирани во месните заедници, понатаму занаетчии регистрирани во Здружението на занаетчиите и на ред други организации, каде се регистрираат и плаќаат паушал. Тие нема да бидат третирани со оваа фискализација.

Реков дека во Минситерството за економија подготвуваме нов закон за трговци од мал обем. Минатата година беше донесена Уредба што е укината од Уставниот суд и беше посочено дека треба целава материја да се уреди со закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Неждет Мустафа има реплика, повелете.

**Неждет Мустафа:** Навистина сакам да го искористам вашето присуство и да бидете конкретни. Во ред, во вашиот пример ги употребивте земјоделците. Но, дали тоа конкретно значи и за една таква таргет група, целна група, како што е Ромската заедница, знаете точно што тоа значи и со што се занимава во егзистенцијата Ромската заедница. Како ќе го решите проблемот со Ромската заедница со

внесувањето наовој амандман, односно со неговата употреба?

**Љубиша Георгиевски:** Повелете замениче минситер.

**Киро Спанџев:** Реков дека се подготвува закон за оваа популација. Ќе подготвуваме закон за трговци од мал обем. Сите овие кои се приајвени во општините, во месните заедници, кои плаќаат паушал, не подлежат на фискализацијата. Тоа е одговорот. Мислам дека сум јасен.

Сите оние кои имаат тезги, а се пријавени, имаат потврда од општината, од месните заедници да излагаат на тезгите, не подлежат на фискализација во овој момент, сега. Тоа не значи дека со донесувањето на тој закон од мал обем ќе нема да се направи понатамошен потег и на тоа поле.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставник на Влада, заменик минситер за економија,

Во интерес на времето и да не се повторуваме во дискусиите, јас би тргнала од образложението на амандманот 1 поднесен од Владата на Република Македонија, што беше доставен до нас пратениците.

Во образложението пишува "Предложениот амандман е во функција да се изврши целосна фискализација и пореално прикажување на прометот на даночните обврзници, како и намалување на сивата економска активност и даночна евазија". Во ред. Ова последното, верувам дека јас и сите ние пратеници се согласуваме дека сива економска активност и даночна евазија не треба да постои. Меѓутоа, да тргнеме од реалноста. Во секој град има зелен пазар. Овој закон што во моментов се донесува и амандманите што се дадени пред нас во последен момент, можат да заживеат само на Скопскиот пазар и во 2-3 поголеми градови во Република Македонија. Тоа е фискалниот систем од амандманот 1, трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на мала, и т.н., да не го читам. Јас би говорела во име на народот, гласот на народот во Крива Паланка, бидејќи ние сме мало место.

Јас ви гарантирам дека во малите места е ова многу тешко да се спроведе. Верувајте дека сите ингиренции ги има Јавното претпријатие. Тоа се комуналните претпријатија што водат сметка и се грижат за се. Тие издаваат тезги. Пример, во Крива Паланка издаваат 174 тезги, од кои 54 вршат услуги, се со ромска припадност.

Сега слушнав од заменикот минситер тоа е на локално ниво. Но, тоа е по стариот Закон, дека нема да плаќаат ништо. Така ли е? Така беше порано. Сега не гледам некоја нова промена во ова.

Се што е во интерес на народот треба да се прифати. Сум за тоа. Меѓутоа, треба да водиме сметка дека овој народ, посебно во малите места, зборувамод името и гласот на луѓето, земјоделците, сточарите од оние од ромската националност во Крива Паланка. Тие и нивните семејства живеат токму од ова.

Затоа, дајте малку да бидеме и сите заедно да ги надминеме овие наши несогласувања, усогласувањата да бидат заеднички, бидејки се работи за закон, амандман што треба да биде во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Еднаш да го слушнеме духот на народот, бидејки многу очекуваат од нас. Немојте овде да се повредуваме ид а префрлуваме едни на други, вака , онака. Да бидеме реални и реално да ги сфатиме работите.

Јас мислам дека овој амандман, за што расправала и Комисијата за економски прашања и законот или да се повлече или пак да се најде најдобро решение што ќе биде во прилог на народот, на граѓанинот кој живее, егзистира токму од ова. Не е лесно, петчлено семејство да остане на егзистенција токму од таа тезга, а да плаќа данок и било што. Макар што еве, од излагањето на заменикот минситер разбравме дек анема да се плаќа ДДВ, барем така во неговото образложение, но не знам дали тоа ќе може да се спроведе.

Предлагам, лично, а тоа е глас на народот од Крива Паланка, овој амандман да се повлече, односно законот да се повлече, да се изготви закон што ќе биде од општ интерес за сите граѓани кои живеат, егзистираат токму од оваа дејност, од земјоделието, сточарството, од тезгите по зеленит епазари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Илија Китаноски, реплика, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодрам.

Во интерес на дискусијата за законот и за неговата содржина, за намената и во интерес на граѓаните на Република Македонија и во интерес на нивно вистинско реално информриање, би сакал прво да престанеме со тешката демагогија што ја слушаме од пратениците од опозицијата, што до вчера беа пратеници од власта и истиот овој закон, со казнени одредби, што се сега само малку зголемени во износите, го изгласаа лесно, глатко и без присуство на опозицијата, односно со присуството на тогашната позиција. Така што, таа демагогија сега не држи.

Во ред е како опозиција да застануваат и да бранат некоис тавови, но ниогаш да не заборавааат дека до вчера беа власт и дека овие закони се само корекција на законите што тие пред 6 месеци, пред 2 години или не знам колку време ги изгласале и ги браннеле овде пред овој Парламент.

Уште една работа би сакал да појаснам. Воопштоне станува збор дека корисниците на тзги на зелените пазари ќе бидат оптоварени или граѓаните. Престанете колеги да ги лажете граѓаните, како што ги лажевте 4 години, престанете и сега да ги лажете дека ќе бидат

оптоварени корисниците на тезги и граѓаните. Ниту едното, ниту другото е точно.

Во амандманот на Владата, што е составен дел на законот, точно стои дека трговецот кој организира зелен пазар е должен да обезбеди фискален систем. И, толку. Тој е должен да обезбеди фискален систем и сите понатамошни санкции, дејствија и т.н., се однесуваат на него. Ако е тој приватно претпријатие, во ред. Ќе обезбеди ќе сноси санкции. Ако е јавно претпријатие, исто така ќе обезбеди и ќе сноси санкции ако не обезбеди. Сите други техники, како тоа, тој ќе го нарпави, веројатно со подзаконски акти и во корелација со носителите на организирање на зелените пазари ќе биде регулирано. Тако што од тоа не трева да се прави парада, затоа што ова не е земјоделската или тутунската револуција и нема потреба да ги палите земјоделците или граѓаните дека со оваа одредба на било кој начин ќе поскапат производите или, корисниците на тзгите, земјоделците ќе бидат обврзани на некоја нова обврска што до сега ја немале. Тоа, едноставно не е точно.

Затоа, во интерес на реално информриање, навистина морав да реплицирам на овој дел од излагањето, а на претходниот дел, околу либерализацијата, либералната економија или либералната трговија, навистина, се што е намера на предлагачот на Владата, околу либерализација на работното време е исправно. Секоја друга теза е теза што е далеку од либералната или пазарната економија, многу подалеку отколку самоуправувањето на Едвард Кардељ. Тоа е многу понапредна теза од овие што ги слушнавме од претходните говорници. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика, Благородна Цветковска, една минута.

**Благородна Цветковска:** Јас не знам дали ова се однесуваше на мојата дискусија од колегата пратеник. Мислам дека воопшто во мојата дискусија, немаше никаква демагогија. Само барав заедничко решение од сите, во интерес на народот. Да најдеме едно заедничко решение.

Воопштоне употребив зборови да навредам некого, затоа мислам дека треба да се извини колегата пратеник. Лажење, не верувам дека овде некој лаже. Не го лажеме народот, но само го замолувам да го прочита амандманот и да види дека не е тоа така. Го замолувам само да го прочита амандманот и да се увери дека тоа не е така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Шабан Салиу, реплика, три минути.

**Салиу Шабан:** Во целост ја подржувам дискусијата на мојот колега Китаноски. Не треба на оваа седница да продаваме лажно душегрижие за претставниците на Ромската заедница, а посебно колешката, претходната дискутантка што го искажа. Ако навистина се интересира за состојбата на Ромската заедница во Крива Паланка, не треба од нив да правиме ситни продавачи за опстанок. Напротив, нашата партија и оваа Влада гледа на Ромската заедница во иднина високо интегрирање во системот на државата. Односно, имаше можност Владата на претходната дискутантка да ги вработи граѓаните од Ромската заедница.

Сега да не ги ставаме во заблуда граѓаните од мојата Ромска заедница дек аутре, со овој закон ќе се направи геноцид на мојата заедница, односно дека ќе им биде одземено и уништено сето она што до сега го имало.

Јас сум сигурен, како и до сега, за мојата заедница, во поглед на оние ситни продавачи по пазарите ќе биде применет Институтот на позитивна дискриминација во поглед на законите, а уште повеќе ја имам таа сигурност, со оглед што заменик-министерот беше многу јасен и дециден, дека за таквите продавачи по пазаририте ќе се изготви нов закон за трговци од мала вредност и фискализацијата нема да важи. Се додека не го видиме тој закон, не можеме да прејудицираме дека за Ромската заедница, со овој закон што сега треба да се донесе ќе биде катастрофално.

Не треба да продаваме ефтина демагогија за остварување на некои ссвои лични цели и амбиции, односно интереси, зад закрило и да ја ставаме во заблуда Ромската заедница. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Цветковска Благородна, повелете, една минута.

**Благородна Цветковска:** Колега пратеник,

Во мојата дискусија кажав она што е реалност. Дека многу сум помогнала на припадниците од Ромската заедница, токму во областа на образованието. Јас знам, можеби вие помалку сте запознаени и на другите од ромската припадност, бидјеки е мало место и сите се знаеме по име и презиме, па затоа и не дозволувам вакви паушални дискусии да водите.

Но, еве, повелете, докажете, вработете ги вие. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Лалчевска Ристана, има збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Навистина сум изненадена од текот што го доби дискусијата. Би сакала да кажам некој збор за да се вратиме на она што значи факти и аргументи и да ги соочиме за и против.

Прво, би кажала дека сите политички субјекти кои се присутни во ова Собрание и оние кои не се присутни во Собранието, политички се усогласиле дека сите сме за целосна фискализација. Тука нема дилема, дека и вие, колеги од опозицијата и овие кои ја поддржуваат власта и оние кои не успеале да влезат во Собранието стојат зад тоа дека на Македонија и е потребна целосна фискализација.

Ако е тоа така, тогаш ние треба да работиме да обезбедиме целосна фискализација. Зошто ни е потребна целосна фискализација? Од две причини пред се и над се.

Пред се од причина за намалување на сивата економија, што е во Македонија некаде 40%, што воглавном, за жал е концентрирана околу и во пазарите. Тоа е еден аргумент.

Другиот аргумент е даночната евазија. Ние мора да ја спречиме даночната евазија.

Тоа се два аргументи што се многу силни, прецизни и јасни зошто е потребна фискализација.

Сега да се вратам на она што овој Предлог-закон за измени го давам како новина?

Покрај тоа што уредува нешто околу работното време, што овде никој не го спомна, а го има во Предлогот, се усогласува со Законот за прекршоци, тоа е обврска поради носење на Законот за прекршоци, бидејки мораме сите закони да ги усогласиме со тој Закон и овој амандман од Владата што го добивме и е дел на Предлогот околу што најмногу се разви дискусијата. Тоа е фискализација, организирана фискализација на зелените пазари.

Сега, и тука имаме вакви и такви аргументи, меѓутоа најмалку аргументи што се реални и јасни. Амандманот, ценетиот заменик минситер многу прецизно го објасни дека ги опфаќа само трговците.

Овде се наметнува една теза дека се работи за ситни земјоделци кои продават на тие пазари. Прво,тие не се регистрирани трговци. Обврската за фискализација не паѓа на нив. Сега, да не правиме забуна кај граѓаните кои продавајќи зеленчук на пазарите обезбедуваат своја егзистенција. Тие спаѓаат во некоја друга категорија, тие се мали трговци, вршат една трговска дејност со мал обем и нивното регулирање е поинакво. Значи, овој товар не паѓа на нив, туку паѓа на организаторот на пазарите, на оние кои се регистрирани трговци, а што е регистриран трговец мислам дека сите многу добро знаеме.

Сега би сакала колегите од опозицијата кои ја наметнаа ваквата теза да ги потсетам, еве ја имам Уредбата пред мене, на една уредба која се вика Уредба за трговски дејности од мал обем и начин на нивна регистрација. Оваа уредба е донесена врз основа на член 11 од Законот за трговска дејност и минатата Влада ја донеала на 27.07.2005 година, значи Влада која вие колеги од опозицијата ја поддржувавте кога бевте власт. Во неа се уредува што е тоа дејност од мал обем и таму се кажува како може да се врши на определени локации или во движење, тука спаѓаат кои се тие од мал обем. Трговија на мало со овошје и зеленчук, немојте да наметнувате теза дека оваа фискализација се однесува на нив. На бижутерија, галантерија, продавачи на печени, варени костени, да не ги набројувам, дејности од мал обем сега прави разлика од мал обем кој може да се организира во самите пазари, меѓутоа, се од помал обем и тие се многу прецизно наброени во таа уредба и тука е предвидена постапката за барање на нивна регистрација, како се врши регистрацијата со решение кое го носи градоначалникот на општината, евиденција на тие решенија, начин на престанување на регистрација итн., тоа се правила кои биле донесени со уредба во 2005 година од Владата на која уредба е потпишан тогашниот премиер господинот Владо Бучковски и која требало да го регулира ова се со цел на стеснување на сивата економија. Оние со мал обем кои работат да бидат канализирани, а не да настапуваат стихијно.

Сега што се случи? Таа Уредба, за жал, Уставниот суд ја укина со образложение дека тоа е материја која треба да се регулира со закон, а не со уредба. Затоа заменикот на неколку наврати најави да, ние ќе донесеме закон во постапка поради укинувањето на уредбата останува нерегилирана таа материја и сега Владата подготвува закон кој ќе ја уреди токму дејноста од мал обем, начинот на функционирање итн.

Многу е наблагодарно, многу е некоректно да се насочуваат фактите во некоја друга димензија и да се создава забуна кај јановста и да се создава паника дека сега ние ќе ги задолжиме со фискални апарати токму овие ситни трговци кои обавуваат дејност од помал обем. Тука мислам на земјоделци кои продаваат најчесто сопствено производство на зеленчук, овошје итн. Мислам дека не е коректно. Фактите се  многу јасни, ова се однесува на трговци кои се регистрирани, онака како што е предвидена цела процедура за регистрација, а не на малите трговци. Целата дискусија се водеше во таа насока и колегата од ромската заедница посочуваше дека тие ситни, мали кои вршат таква дејност, ве молам, не е коректно да се доведува во заблуда јавноста. Дајте ги фактите. Дајте кажете зошто не е прифатливо ваквото решение, но со оправдани аргументи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за пратеникот Неждет Мустафа од три минути.

**Неждет Мустафа:** Како и секогаш со задоволство ја следам мојата почитувана колешка, но мислам дека вие се судирате со контрадикторности во однос на вашиот став и на она што се обидувате да го аргументирате.

Би било добро вашите примери да ги прочитавте, а почнавте да ги читате примерите на кои им следува по законот. Сметам дека од таа позиција говорев во мојата целна група дека се судира со овој закон. Тоа не смееме да го прикриваме. Не знам зошто има потреба тоа да се прикрива кога овој амандман дефакто ќе ги обврзува. Јас ве потсетив и на членот кој ги обврзува да бидат како регистрирани субјекти, а со тоа да се привлечат другите законски мерила. Во тој однос сметам дека нема простор ниту за забуна ниту за прикривање на ситуацијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Ристанка Лалчевска, една минута.

**Ристанка Лалчевска:** Не сакам контрареплика, малку грдо звучи, би рекла дообјаснување.

Јас навистина го ценам колегата, тој многу добро знае дека секогаш сум била реална и сум давала поддршка онаму каде било издржано да се даде поддршка иако припаѓаме на различни провиниенции, меѓутоа, околу прашањето на ромите, јас колега секогаш сум давала поддршка, меѓутоа, она што било реално. Она што ви го читав каде вие ги пронаоѓате, тоа е Уредба која ја донела минатата Влада и која ја укинал Уставниот суд, тоа не е дел на овој закон за кој ние денеска дебатираме.

Меѓутоа, ако вие повикувате дека било кој треба да работи во зоната на сивата економија, е, тогаш навистина имаме проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господин претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господин заменик министер,

Дозволете ми по втор пат да дискутирам, со оглед на тоа што прв ја отворив расправата по однос на предложениот амандман, дозволете ми барем моето скромно искуство, со оглед на тоа што можеби сум единствен овде кој директно работел на оваа проблематика, четири години сум раководел со Јавно претпријатие - Пазари во Битола и дозволете ми барем малку повеќе да ги знам работите во праксата кои се случуваат.

Прво, мислам дека кога дискутираме да не ја насочуваме проблематиката или дискусијата на друга страна, туку на она што е предложено во самиот закон и тоа да го спопредиме со основниот текст на Законот за трговија, а тоа е тесно поврзано со Законот на додадена вредност. Тука треба да дискутираме, да не зборуваме сега за нешто што е надвор од предложеното.

Дозволете ми првин јавно да кажам. Поддржувам секое настојување, секое законско решение кое оди во борба против сивата економија и одданочување на секој промет што е согласно закон.

Уште на самиот почеток ќе го поставам прашањето. Ве молам, кој е законот што сега ги ослободува корисниците на тезги кои продаваат не земјоделски производи за да не се даночни обврзници. Кој е тој закон? Нема таков закон. Според сегашниот закон, сите оние кои продаваат најразлична друга стока на пазарите се даночни обврзници. Па, зошто тогаш носите закон, предлагате законско решение кое нема врска со одданочувањето, што значи сега и претходната Влада и сегашната Влада се соочуваат со тој проблем. Се соочуваат со проблемот заради тоа што тој проблем е тесно поврзан со социјалата во Република Македонија. Ни едно законско решение не ги спречува да спроведат одданочување. Значи дека предлогот на амандманот на првиот дел од амандманот не се однесува на корисниците на тезги на трговците, се однесува на организаторот на пазарот. Е, тоа ви велам дека е спротивно со законот, тоа не можете да го направите, ќе ви падне на Уставен суд. За тоа зборуваме.

Сега ќе ви прочитам основен текст на законот член 14. Тој регулира на кого може да му се издаде продажно место на пазарот. Меѓу другите на самиот почеток трговци или занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистер, па потоа се земјоделците и останатите кои се корисници.

Ве молам, кој е тој закон што ги ослободува и сега без да го носите првиот став од овој амандман кој сега го имате предложено тие да не се даночни обврсзници. Нема таков закон. Тоа значи утре без да го донесете овој амандман треба да го спроведувате ДДВ, но тука ви е проблемот. Проблемот е што во, ајде и јас да излезам малку од темата, во Програмата 100 чекори имате речено дека првите 100 дена односно три месеци ќе го решите прашањето на сивата економија. Трите месеци поминаа од изборите. Видовте дека така не може да се реши и не може на таков начин да се реши, туку мора полека, систематски заради тоа што ќе имаме страшни социјални поместувања во Република Македонија.

Би заклучил дека нема ни еден законски основ кој сега моментално ги ослободува од даночна обврска оние кои продаваат неземјоелски производи надвор од Законот за трговија.

Колегите кои беа во претходниот состав знаат дека по оваа проблематика дискутирав два саати, имав амандмани кои потоа беа прифатени заради тоа што практично треба да се спроведуваат.

Следната работа е, да го прочитам амандманот. Амандманот вели: Трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало е должен да обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно закон.

Вториот став од амандманот вели: дека после зборот "дејност" точката се брише и се додаваат зборовите "и кои имаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања, освен ако со закон не е поинаку уредено". Она што го зборував завчера, а и денеска го зборувам. Овој дел може да се примени заради тоа што организаторот, трговецот кој организира пазар нема да му дозволи, нема да смее да склучи договор за користење на продажно место ако корисникот нема обезбедено фискален апарат, но, првиот дел е нејасен. Што треба да обезбеди? Треба утре да им кажеме било на приватните претпријатија, приватен е само Скопски пазар и мислам Гостивар, но не сум сигурен, одвоени јавни претпријатија се битолскиот пазар, кумановскиот пазар, тетовскиот пазар, не знам дали има други, останатите се во склоп на јавните претпријатија на општините кои обавуваат и други дејности, покрај дејноста за организирање на пазар дали чистење на смет или не знам како, мислам дека во Прилеп минатата година го поделија тоа јавно претпријатие сегашниот градоначалник. Утре треба да му

кажете што треба да обезбеди организаторот на пазарот - трговецот, да обезбеди фискален систем на опрема. Што треба да направи треба да му кажете. Нема ништо. Според ова, мене ми е јасна интенцијата, повторно ќе кажам, вашата цел ви е да не се расправате од утре со оној кој е даночен обврзник и што според закон е даночен обврзник, туку тие утре секој ден на скопски пазар, на битолски пазар, на кумановски пазар ќе им кажете 500 илјади денари казна заради тоа што не си обезбедил фискален систем и заради тоа што овој корисник нема фискален апарат на тезгата. Така не се решава прашањето. Тој по ни еден закон не може да биде одговорен за тоа. Одговорен е оној што е регистриран како трговец и кој, согласно законот за трговија член 14 е корисник на продажното место. Организаторот на пазарот е одговорен за својата даночна обврска за давање на услуга. За давањето на услугата сите пазари си имаат мобилни фискални каси и за она што ќе наплаќаат си ја плаќаат обврската кон државата, а тоа е ДДВ. Тоа е ДДВ-то за услугата.

Затоа, ако веќе сакате нешто да направите да удрите на пазарите, удрете, ама извршете го првиот став кој нема врска со минута.

Вториот став може да се применува со тоа што секој ден ќе му кажувате на пазарот ти на овој си му издал, нема фискален апарат, иако тој не одговара за тоа. Тоа е првиот дел и да расчистиме, мислам дека амандманот е неспроведлив, за тоа зборувам, кога зборувам воопшто не зборувам за земјоделците, тие не се обврзници за плаќање на ДДВ. Тоа е јасно, но едно ќе ви кажам дека на било кој пазар во Република Македонија ни 10-15% не се повеќе земјоделци кои продаваат земјоделски производи. Во тоа бидете убедени. Тоа значи дека сите ќе подлежат на овој закон. Тоа го знам, но првиот член е неприменлив.

Кога веќе излегов да дискутирам за овој член, сакам уште еднаш господине заменик министер, не одговоривте на едно прашање кое го поставив на почетокот на дискусијата по оваа точка. Го укинувате членот 59 од Законот за трговија. Членот 59 вели: за прекршокот предвиден во член 55 каде се наведува кога се врши прекршување на Законот за трговија, следуваат соодветни казни. Во овој член беше предвидено, ако е сторено од лица со возраст под 18 години ќе се казни родителот односно старателот со парична казна од 2 до 5 илјади денари за дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна за родителот односно старателот ќе се изрече мерка на безбедност - одземање на времено одземените предмети и стоки.

Ве молам, не дадовте образложение зошто се укинува овој член.

Ние сме свесни, најголемиот дел на шверц на акцизни стоки на мало, воопшто не ги бранам и поддржувам дека шверцот треба да се спречи таму каде настанува, а тоа е на границата. Но, најголемиот шверц на акцизни стоки на мало го вршат малолетници. Дали значи дека повеќе нема да подлежат и нивните родители на никаква санкција кога секаде кога ќе поминеме ќе ни носат по една штека цигари и штом ја продадат таа ќе одат ќе земат од главниот дистрибутер уште една, па уште една. Дали значи дека со ова се овозможува тие малолетни лица да можат постојано да вршат шверц.

Би завршил со тоа дека законот по однос на овој член и амандманот кој го поднесе Владата дополнително, за мене е неприфатлив.

Од тие причини, а не заради земјоделците или не знам кој, од причини што некои, јас и некни ви кажав ако толку имате желба да се справите со Скопски пазар, тоа е ваша работа, справајтесе, но не ги уништувајте сите останати пазари заради тоа и не донесувајте закон кој е неспроведлив во првиот дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе, во однос на членот 59 можам да кажам дека ова се брише затоа што е усогласување со Законот за прекршоци кој Собранието го изгласа, значи се врши усогласување. Тоа е причината за бришењето.

Во однос на другиот коментар од почитуваниот пратеник Најдовски можам да констатирам дека му е многу појасно сега што значи донесувањето на овој амандман од Владата во однос на првата дискусија затоа што и самиот кажа дека се согласува со ваков амандман за да се регулира материјата околу фискализацијата и кажа дека вториот став го прифаќа, а во првата дискусија беше априори се да се одбие.

Тоа значи, дека ние понатаму стоиме цврсто на ова дека ова може да се примени во пракса и дека ќе имаме одредени позитивни резултати.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине заменик министер мене од првиот момент ми е јасно, но вам никако да ви се разјасни една работа. Никако да ви се разјасни како ќе го спроведете првиот дел од амандманот. Околу тоа зборуваме. Никако да ви се разјасни дека законот не дозволува друг освен даночниот обврзник да набави и да има фискален апарат. Само даночниот обврзник може да земе фискален апарат и тој гласи на тој даночен обврзник. Затоа упорно ви зборувам, но никако да сфатите. Јас тука не сум виновен.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на реплика за заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Мислам дека не сфатил почитуваниот пратеник дека даночен обврзник нема да биде организаторот на пазарот, туку ќе биде трговецот кој е регистриран. Тоа е многу јасно. Организацијата ја врши организаторот на Пазарот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ова беше контра реплика,крај.

(Реакција од пратеникот Најдовски, бара контра реплика).

Вашето беше реплика на негоиот збор, а ова беше контра реплика. Бидете убеден за тоа што министерот не треба да реплицира, тој има право на збор кога сака и колку сака.

Според тоа, тоа беше збор, а не реплика, верувајте ми.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 73 пратеници, гласале 73, за гласале 58, воздржани нема, против 15.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 56, воздржан 1, против 14.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се пpертесе Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1, за менување на член 1, член 4 за додавање нов став пред ставот 1 и за менување на ставот 1 член 11, за додавање нови ставови 2, 3 и 4 и за менување на член 16 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 2, ставови 1 и 3, член 11 став 2, член 12 став 4 и на член 15.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставови 1 и 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Кирил Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Амандман 2.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Кирил Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Амандман 3.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Кирил Спанџев:** Амандманот се прифаќа, се работи за техничка работа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Кирил Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законт.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Се надевам дека мојот говор по текстот на законот нема да ме етикетира како кочничар на реформите на Владата или не дај боже како опструктор на работата на Собранието, затоа што сметам дека наша основна дејност и функција на пратениците е да ги следиме законите и по нив да говориме на парламентарната седница до она време додека тоа ни го дозволува Деловнкот. Со новиот деловник можеби и тоа во целина ќе ни биде ускратено и тогаш ќе имате опозиција каква што воопшто посакувате. И ние требаше да донесеме 1200 закони, голем дел ги донесовме, и покрај истата ситуација, можеби многу полоша од страна на тогашната опозиција. Но реков ќе зборувам конкретно за законот, за да не ги забавиме реформите.

Почитувани колеги пратеници, сметам дека навистина овој закон ќе беше подобро да не се достави од Владата или можеби доколку беше достапен да одеше во една процедура која ќе овозможеше прво да дискутираме по Предлогот за донесување на закон, неговата потреба да ја констатираме, а потоа да ја имаме втората фаза кога ќе ни беше доставен Предлогот на законот и со тоа ќе се избегнеше да се повторува она за што говоревме, Владата во последен момент да ни доставува амандмани со кои суштински го менува текстот на законот.

Јас нема да говорам за амандманите кои се дополнително доставени, затоа што доволно се говореше на оваа седница, но би сакала да се задржам на она што е суштина на законот. Иако во прво време беше кажано дека се усогласува само со Законот за прекршоци и дека во казнените одредби се заменуваат зборовите “казна” со “глоба” или пак се намалува забраната за привремена работа во одредени членови, што сметам дека е и добро, не е нешто што е неприменливо и тука немам никакви дилеми.

Мојата дилема е околу членот 25 во кој ставот 4 се брише, а ставот 4 само заради јавноста би сакала да кажам дека се однесуваше на тоа продавниците во неделите и државните празници може да работат само до 17,00 часот. Сега има една одредба со која се дозволува да немаме ограничување на работното време, иако секаде во светот, колку што ми е познато во најголем број држави сепак има некоја регулатива која кажува колку треба и колку може да се работи. Со досегашната регулатива која предвидуваше да се работи до 17,00 часот, Владата смета дека е неиздржливо, затоа што има потреба од либерализација на системот на работење, како и можноста за отворање нови работни места и токму поради тоа ова се оценува како лимитирачка одредба и е потребно истата да се укине, се со цел да се зголеми конкуренцијата во трговијата, истовремено да се делува, да се влијае на поттикнување на потрошувачката и со тоа да се предизвикаат позитивни ефекти врз Буџетот.

Почитувани колеги, ако сме веќе на тоа дека треба да се работи повеќе, тогаш не ми е јасно, само за ден или два треба да го донесеме законот за празниците во Република Македонија, каде што се предвидуваат 20 неработни дена или во просек околу 2 дена во месецот и ако се додадат саботите и неделите, излегува дека ние половина месец нема да работиме во Република Македонија. Но тоа е друго прашање, ќе говориме кога ќе дојде точката на дневен ред. Сега се зборува дека со овој закон ќе се реши целиот проблем и ќе се овозможи повеќе луѓе да бидат вработени. Напротив, сметам дека ваквото решение дава можност за злоупотреба од страна на работодавците. Токму поради тоа, мислам дека беше подобро да си остане старото решение, кое сепак имаше некои органичувања на работното време. Потоа, како што кажав следува намалување на мерките кога може да се одземе решението и тука во членот 49 и членот 50 се заменуваат од 90 на 15 дена за трговец физичко лице и 30 дена на трговецот правно лице. Ова можам и да го разберам во некоја насока, да не се случува долго време да отсуствува од работа една фирма, иако треба строго да се придржуваат сите кои веќе се занимаваат со оваа дејност, да ги почитуваат законските одредби кои се дадени со постојниот закон за трговија.

Исто така, реагирам на членот 59, со кој се укинуваат санкциите за дивите трговци - малолетници и сметам дека сепак беше добро да има некои одредби со кои ќе може повеќе да бидат земени на одговорнот оние малолетници кои се веќе длабоко навлезени во сивата економија, односно многу често ги гледаме на пазарите.

Како што кажав, нема да се задржувам на предложените амандмани, со што ќе дадам значаен придонес во реформите кои ги спроведува оваа Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госодинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе,

Бидејќи ние сме оневозможени од Владата да работиме како пратеници, со доставување на амандмани во процедура кога веќе не можеме амандмански да реагираме, сакам да го прокоментирам повторно новопредложениот амандман од Владата. Неколку колеги од владеачкото мнозинство ни забележаа дека ние ќе ја промовираме сивата економија. Сега дефинитивно чекав да дојде расправата по текстот, да видам дали некој ќе реагира или го усвојува овој текст. Дефинитивно ја промовирате сивата економија. Ќе ви кажам зошто. Сега според важечкиот Закон за трговија и Законот за ДДВ, оние регистрирани трговци кои се на пазарите се должни да издаваат фискални сметки и да плаќаат ДДВ. Вие сега донесувате закон со кој, не знам како ама ги ослободувате до 1 јули 2007 година според овој Закон, а според Законот за ДДВ тие се даночни обврзници.

Ве прашувам сега господа од Владата кој закон ќе го спроведувате, па да видиме кој промовира сива економија. Напротив со овој член од законот сега - затоа до сега не го коментирав - дефинитивно ја промовирате сивата економија. Сега нема да го спроведувате Законот за ДДВ, ако го спроведувате овој член. Тоа е амандманот 5 од амандманите што ни ги предложивте. Се прашувам, кога инспекторот од Управата за јавни приходи ќе излезе на пазарот да побара од трговецот кој е регистриран како трговец и кој изнајмил продажно место од пазарот, по кој закон ќе се раководи. Законот за ДДВ вели дека тој треба да има фискален апарат и треба да издава фискална сметка, а Законот кој што сега го носите вели до 27 јули 2007 година ќе нема.

Затоа, упорно укажувам дека амандманите кои ги предложивте не се во согласност со Законот за ДДВ и не се амандмани кои може да се спроведат во пракса.

Од тие причини ќе гласам против овој закон и кога ќе дојде времето, кога ќе дојде 1 јули, ќе видиме дека со овој закон се згрешило. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Оливер Деркоски, повелете.

**Оливер Деркоски:** Мало дообјаснување на господинот Најдовки. Даночните обврзници не се задолжени согласно Законот за ДДВ да користат фискален апарат, туку тоа е согласно Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Би

замолил пратениците кои дискутираат за областа на даночната политика на државата правилно терминолошки да ги користат термините, бидејќи Законот за ДДВ се однесува на ДДВ при прометот на добрата и услугите во рамките на прометот, додека  Законто за регистрирање на готовинските плаќања се однесува точно на фискализацијата во целата држава, односно употреба и ставање во употреба на фискалните апарати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете една минута.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас му благодарам на колегата Деркоски што ме исправи и го прифаќам тоа што го кажувам. Значи прашањето е согласно тоа што тој го поставува, бидејќи има преголемо искуство во наплата на даноците. Согласно Законот за готовинските плаќања, кој Закон ќе се применува. Инаку, благодарам на укажувањето прифаќам дека сум направил грешка. Тоа значи дека тој потврди, спротивно на тој закон ќе биде овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законт го ставан на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 56, воздржани нема, против 13.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Предлогот на закот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Во Република Македонија во изминатиот период се направени значителни чекори во востановувањето на едношалтерскиот систем и Централниот регистар. Согласно законите со кои се уредени прашањата поврзани со едношалтерскиот систем и преземањето на регистрите за правните субјекти што ги воделе судовите и други државни органи, се наметна потребата од усогласување на законите со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на Трговскиот регистар и Регистарот на другите правни лица.

Еден од законите за кој е потребно усогласување за водење регистри во Централниот регистар и негово превземање од судовите секако е и Законот за здруженија на граѓани и фондации. Воедно, во законот е потребно усогласување на одредбите со кои се уредуваат прекршоците и износот на прекршочната казна со Законт за прекршоците, каде што паричната казна за прекршок е заменета со глоба изразена во евра односно во денарска противвредност.

Врз основа на сето ова наведено, Владата на Република Македонија предлага измените и дополнувањата на Законот на здружение на граѓани и фондации да се донесат од страна на Собранието на Република Македонија врз основа на член 152 од Деловникот на Собранието, бидејќи со измените и дополнувањата практично се врши усогласување што е условено од веќе донесените закони, а усвоените нови решенија имаат влијание и на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитувани колеги, Законот за здруженија на граѓани и фондации е донесен 1998 година и со самото донесување важеше за еден од најдобрите закони во регионот. Но подоцна се наметна потребата истиот да се измени и да се подобрат условите за одрживост на граѓанскиот сектор и да се хармонизира законодавството согласно европските стандарди.

Владата пред нас сега предлага Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и ја наведува основната причина и содржина на законот, дека измените и дополнувањата што се предлагаат се однесуваат на две прашања, и тоа: прашањето на надлежен орган за регистрација на здруженијата на грѓаните и фондациите и прашањето на замената на паричната казна со глоба изразена во евра, односно во денарска противвредност, со образложение дека ова го прави заради усогласување на Законот за здруженија на граѓани и фондации, согласно Законот за прекршоци и согласно Законот за едношалтерски систем и водење на Трговскиот регистар.

Меѓутоа, секој кој што добро го погледнал материјалот што го доставува Владата како предлог, ќе увиде дека е мошне симптоматично заложбата на Владата на мала врата да се протуркаат и други неспоменати, а суштински измени на постојниот закон, а тоа се околу прашањата за регистрацијата на здруженијата на граѓани и фондации, престанокот и управувањето со нив. Прашањето е премногу сериозно, зошто Владата се обидува без конкретно образложение да протурка вакви суштински измени на овој закон.

Јас повторно ќе ја спомнам колумната на вашиот колумнист, која најави 800 нови закони, како таргет на новата Влада. Ако оваа Влада мисли да носи вакви закони, закони кои упорно не оддалчуваат од европското законодавство, закони за кои не обезбедува доволна поддршка и закони кои суштинск ќе бидат неприменливи, тогаш дозволете господа пратеници да речеме не, благодарам. За очекување е пет дена пред завршувањето на првите сто дена на оваа Влада колумнистите на владеачкото мнозинство да се занимаваат со успешните резултати овие три месеци. Но очигледно, кога нив ги нема, очигледно кога од најавените големи сто чекори кон напред, не остана ништо друго, отколку тапкање во место, колунистите ќе се занимаваат со она што било порано. Нема ниту еден навредлив збор, нити една квалификација не може, апсолутно не може да ги оспори постигнувањата на Владата предводена од СДСМ.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова ви е прва дигресија, немојте толку околу една колумна. Се што не се пишувало во колумни. Не е страшно тоа.

**Весна Бендевска:** Претставникот на Владата господинот заменик министер ќе мора пред нас да даде одговор на неколку прашања, бидејќи е претставник на Владата која и го поднесува овој Предлог на закон.

Првото и основно прашање, зошто не ги зел предвид укажувањата, поднесени до Владата од страна на граѓанската платформа на Македонија.

Граѓанскиот сектор, како активен партнер на Министерството за правда во 2002 година изработи мошне сериозен материјал за измени и дополнувања на Законот за здруженија на граѓани и фондации, кои навистина, ќе го подобреа законскиот текст и ќе го хармонизираа, согласно европските стандарди и ќе имавме закон со кој што навистина, ќе можевме да се гордееме дека граѓанскиот сектор е уреден со законска регулатива која овозможува апсолутно подигање на граѓанската свест и подобрување на демократскиот карактер на нашето општество воопшто. Значи, не земајќи ги предвид понудените измени поднесени од страна на граѓанската платформа на Македонија, овој Предлог закон кој се наоѓа пред нас, нуди навистина, проблематични решенија, најпрво околу регистрацијата на здруженијата на граѓани и фондации. Доколку се усвојат предложените измени, можат да доведат до злоупотреби на правото на здружување. Навистина, мошне сериозно обвинување. Можноста овој законски проект да нуди простор за злоупотреба, треба навистина, да не загрижи.

Второ, заложбата, според која овој Предлог закон бара бришење на одредбите со кои се вршеше проценка на уставноста и законитоста на статутот и програмата на здруженијата на граѓани и фондации, значи дека Централниот регистар ќе врши само техничка регистрација на сите здруженија на граѓани и фондации, без да води сметка дали се исполнети законските услови. Каква програма нудат здруженијата на граѓани и фондации и дали се компактибилни со Уставот. Исто така, нуди и промени постојат во вашиот Предлог закон за измени, кои не се коегзистентни со постоечките одредби во законот, што може да доведе до сериозни проблеми во неговото спроведување.

Меѓутоа, сепак би почнала по ред. Најпрво е спорен членот 1 од Предлог законот, кој го уредува начинот на управување со здруженијата на граѓани и фондации.

Владата предлага воведување на нов став 2, според кој вработените во стручните тела и служби не можат да бидт избрани за членови на извршните органи на здруженијата на граѓани и фондации. Европското законодавство предвидува заради коегзистентност неможност на членување на вработените во здруженијата на граѓани и фондации во управните и надзорните органи. Но не и во извршните, бидејќи насекаде вработените претставуваат и извршители на програмата на здруженијата на граѓани и фондации.

Втор член, кој навистина е проблематичен и за кој треба сериозно да се размисли дали треба да се прифати е членот 6 кој го менува членот 47 од постојниот закон кој гласи: Во овој случај со промената, значи не судот, туку централниот регистар, ако утврди дека статутот на здружението на граѓани и фондации не ги содржи елементите од членовите 20 и 37 е должен во рок од 30 дена да упати укажување до постојното здружение на граѓани и фондации а усогласување.

Доколку во определениот рок подносителот на барањето за регистрација не постапи согласно укажувањето тогаш Централниот регистар ќе го одбие барањето за упис. Тука нема ништо спорно. Најспорно е во овој член е тоа што се брише ставот 3 од член 47 од постојниот закон.

Ставот 3, ќе морам да го цитирам: “Центарлниот регистар нема да изврши упис во регистарот, ако утврди дека целите и дејствувањата, актот за основање, статутот и програмата на здружението на граѓани и фондации, не се во согласност со членовите 3 и 4”.

Почитувани пратеници, членот 3 предвидува дека здруженијата на граѓани и фондации не можат да вршат политички активности или да го користат својот имот за остварување на политички цели и членот 4 кој предвидува дека програмите на здруженијата на граѓани и фондации не можат и не смеат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост. Претставникот на Владата ќе мора да даде сериозно образложение, зошто Владата одлучила да не постои повеќе овој став. Значи ли тоа, има ли можност за сомневање дека оставате простор во програмата на било кое здружение на граѓани или фондации да може да има и делови кои ќе одат во прилог на

остварување на определени политички цели. Ќе мора да дадете одговор на ова прашање,господине заменик министре.

Членот 10 од Предлог законот за изменување и дополнување го менува членот 51 од постојниот закон, во кој беше предвидено да се води единствен регистар на регистрираните здруженија на граѓани и фондации во Републиката и предвидува овој регистар да биде објавен на ВЕП страницата на Централниот регистар. Јас повторно морам да се навратам на веќе славната колумна на вашиот колумнист, каде што дава точен податок колку во нашата Република се користи интернет. 6%. Значи ли тоа дека вие се обидувате од единствениот регистар на регистрираните здруженија на граѓани и фондации да направите некаква тајна книга. Зошто не сте предвиделе освен објавувањето на веб страницата, повторно да стои обврската единствениот регистар секое ново регистрирано здружение на граѓани и фондации да се објавува во "Службен весник" и на тоа ќе мора да одговорите господине заменик министер.

Доаѓаме до она што е најспорно. Тоа се членовите 11 и 12 кои интервенираат во членовите 52 и 54 од постојниот закон за здруженија на граѓани и фондации, а се однесуваат на престанокот на здруженијата на граѓани и фондации.

Предлогот што го добивме од Владата предвидува престанокот на здружението на граѓани и фондации во наредниот член да го утврдува Ценралниот регистар, што е апсолутно, спротивно на членовите 20 и 37 од постониот закон. Воведувате ставови кои не кореспондираат со членови во кои не интервенирате со овој Предлог на закон.

Во ставот 3 додавате нов став 4, кој гласи цитирам: "Врз основа на решението од ставот 3, значи од решението со кој Централниот регистар донесува решение со кое утврдува престанок на фондација или здружение на граѓани, заинтересираното лице поведува постапка пред надлежниот суд за начинот на кој ќе се подели и користи имотот на здружението". Тука навистина, ќе треба дебело објаснување од страна на претставникот на Владата.

Прво, ќе мора да го објасни и детерминира поимот заинтересирано лице. Овој поим се користи и во двата члена. И во 11 и во 12. Кое е тоа заинтересирано лице што ќе може по свое сопствено убедување пред надлежниот суд да поведува постапка за поделба на имотот на здружението, односно фондацијата. И крајно, кои се скриените намери. Очигледно, кога во закон се интервенира без доволно објаснување мора да постои скриена намера.

Членот 13 интервенира во постојниот член 56 од Законот, според кој здруженијата, го цитирам постојното решение, кое Владата сака да го измени, според кој здруженијата на граѓани и фондации престануваат, доколку работат спротивно на одредбите на членовите 3 и 4 од Законот, што значи дека кај нив се утврдило делување во корист на политички цели и партии, односно се утврдило во програмата уставна незаконитост, или дејствување во поглед на разгорување на расна, верска и друга нетрпеливост. И вториот став, здруженијата на граѓани и фондации ќе престанат со работа ако нивното работење е спротивно со нивниот статут. Оној статут за кој во претходните членови Владата се согласи дека апсолутно, како подзаконски акт, нема да биде консултиран, или нема да биде потребен во моментот кога здружението ќе поднесе барање за упис во единствениот регистар.

Третиот став вели секој може да даде иницијатива за престанок на здружението на граѓани и фондации, ако основано се сомнева дека остварува вакви претходно наведени активности.

Владата има друго видување на проблемот и барам ставот 2 се смени и да гласи: "Јавниот обвинител и секое заинтересирано лице може да поднесе иницијатива за престанок на здружението на граѓани и фондации, ако основано се сомнева дека здружението или фондацијата остваруваат активности спротивни на законот".

Повторно барам објаснување, сега на проширениот поим, секое заинтересирано лице, по што ќе можете да определите степен на заинтересираност или можност да се јавува како релевантна странка пред надлежниот суд и да поднесува иницијатива за престанок на работа на фондација или здружение на граѓани.

Членот 14 продолжува со употребата на спорниот термин,односно заитересирано лице, интервенира во членот 58, каде што се менува ставот 1 и гласи: "Постапка пред надлежниот суд во случаите од претходниот член, се покренува по предлог на надлежниот јавен обвинител и заинтересирано лице." Досегашната судска пракса познава дека единствено и само надлежен јавен обвинител може да покренува постапка пред суд.

Членот 15 од понудениот Предлог закон за менување го брише петиот став од член 59.

Петтиот став од овој член гласи: "Против правосилното решение дозволена е заштита на законитоста, која ја поднесува јавниот обвинител".

Имате ли одговор на ова прашање господине заменик министер? Зошто ја бришете одредбата, која ја уредува постапката барање на заштита на законитоста. Кому и зошто му оставате простор на делување. И тоа ќе мора да го одговорите.

Членот 16 го менува членот 60 и гласи: "Решението за престанок на здружението на граѓани и фондации надлежниот суд е должен да го достави до Центарлниот регистар, врз основа на кој Централниот регистар донесува решение за бришење на здружението на граѓани и фондации од Централниот регистар".Решението се објавува повторно на веб страница. Повторно го имам истото образложение зошто ваквите објави се објавуваат е предвидено да бидат објавени само

на веб страница, а не и во "Службен весник на Република Македонија".

Јас сум сериозно загрижена, бидејќи оваа власт веќе три месеци со секој поднесен Предлог закон за изменување и дополнување се обидува на мала врата да донесува спорни законски решенија. Јас сум загрижена дека оваа Влада на крајот на годината кога обично се изготвува буџет за наредната година и кога пред нас стојат навистина, многу сериозни законски проекти, поднесува вакви Предлог закони, наместо да соработува со граѓанскиот сектор, наместо една готова реализирана платформа за измени и дополнувања на еден многу важен закон, како што е Законот за здруженија на граѓани и фондации се обидува да го маргинализира и се обидува да го оддалечи од европските стандарди на законодавството. Навистина барам сериозни одговори од страна на поднесувачот на ваквиот Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Има збор господинот заменик министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на договорот на пратеничката Весна Бендевска добар дел имаше и меѓу другото интенција на сериозни наредби за да дадеме одговор. Еве јас ги почитувам тие наредби. Ќе се обидам во кратки црти да одговорам на она што таа го коментираше во нејзиниот говор.

На почетокот сакам да и се заблагодарам на пратеничката за сериозните забелешки кои што ги даде во поглед на овие измени и дополнувања на овој закон. Меѓутоа, интенцијата на Владата на Република Македонија зошто во овој период бара да се изгласаат овие измени и дополнувања од причина што во член 68 од Законот за едношалтерскиот систем се бара регистрите повеќе да не се вршат во судовите, туку таа надлежност да премине во Централниот регистер. Можеби е оправдан коментарот од типот да секако тој рок до 30 септември е пробиен, меѓутоа од први први следната година ќе се применува новиот закон за судовите. Во новиот закон за судовите не е предвидено да повеќе судовите ја вршат таа регистрација, што значи дека може да настане една ситуација од техничка природа која што не би имале тело, орган кој што ќе ги води тие регистри. Токму од таа природа и од тие причини е предлогот на Владата за овие измени на овој закон.

Од друга страна Владата сериозно има за намера да предложи на Собранието измена на овој закон, значи ќе се работи за поголеми измени, да не речам нов закон за здружениија на граѓани и фондации, каде што сериозно ќе ги има предвид сите вакви забелешки од типот на пратеничката Бендевска и претпоставувам и на следните говорници, кои веќе се јавија за дискусија, но во тесна соработка со невладиниот сектор, кој што претставува сериозно како орган, како тело што ќе учествува во подготвувањето на тој иден закон за здруженија на граѓани и фондации. Во поткрепа на ова е и податокот дека Владата веќе подготви базичен документ, стратегија за соработка со невладиниот сектор, што е уште еден доказ дека Владата е транспарентна и отворена за соработка со овој сектор. Тоа значи дека дефинитивно Владата нема никакви задкулисни игри во поглед на донесувањето на овој закон, туку исклучиво, уште еднаш ќе повторам, интенцијата е токму во делот дека можеби да настане некое од техничка природа, да немаме тело кое што ќе ги води тие регистри, со оглед на фактот што новиот закон за судовите веќе е од први први идната година во употреба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Димовски Илија има реплика.

Претходните да ги завршиме, вашата реплика и репликата на министерот ќе дојде на ред. Сега е на ред Димовски Илија, потоа е на ред Александар Спасеновски. Прво, Илија Димовски реплика со ваше право на контра реплика. Потоа, Александар Спасеновски реплика со ваше право на контра реплика, а потоа вие реплика на министерот. Тој редослед е исправен.

Повелете сега јавувајте се по тој редослед.

**Илија Димовски:** Искрено не можев да го сватам концептот на дискусијата на колешката Бендевска Весна. Имам впечаток дека нејзината дискусија треба да биде во делот кога ќе дискутираме по текстот на законот, меѓутоа, иако беше така, јас апсолутно се согласувам со она што и заменик министерот го спомна пред малку дека дискусија и расправа по однос на оваа проблематика е потребна и е позитивна за развојот на граѓанскиот сектор. Не би сакал да се сведуваме на оние недобри забелешки помеѓу нас, кој го поддржува граѓанскиот сектор, кој не го поддржува, мислам дека нема двојство по однос на тоа. Би штетело на дискусијата натаму по однос на овој закон ако поставуваме рововски позиции за некоја работа за која што мислам дека имаме приближно ист став. Јас се согласувам дека проблематиката во однос на здруженијата и на граѓани на фондации треба да опфати поголема и посериозна количина на променети одредби, членови и ставови во Законот за здруженија на граѓани. Меѓутоа, овој закон за измени на законот на здруженија на граѓани и фондации, јас го сваќам онака како што пишува во образложението, за кое што се надевам дека сите пратеници го прочитале. Во образложението прецизно пишува дек законот се донесува поради потребата за усогласување со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговските друштва и регистрите на другите правни лица. Тоа е закон донесен во 2005 година и со Законот за прекршоци, закон донесен во оваа 2006 година. Ако одредбите во Предлог законот кој што го имаме денес пред нас не чинат, тоа

значи дека и одредбите во овие два закони што се донесени од страна на претходниот парламентарен состав, исто така не чинат. Значи, многу логично и многу јасно. Ние со овој закон вршиме усогласување на правната легислатива со два закони кои што ги донесе претходното парламентарно мнозинство. Сега, желбата да се оди контра и желбата да се води инает со дури и правно техничка регулација на легислативата, ќе дојде во ваква состојба, колегите пратеници да држат дискусии, кои навистина не држат место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Весна Бендевска контра реплика една минута.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Би му реплицирала на колегата Димовски многу кратко и многу јасно. Неговата реплика беше класичен обид да се избегне суштината, наспроти формата.

Колега Димовски, јас воопшто не ги спорам членовите, со кои последниот Закон за здруженија на граѓани и фондации се усогласуваат со законот за едношалтерски систем и со Законот за прекршоци. Ниту ги цитирав, ниту ги спорев. Спорно е нешто сосема друго, што наспроти ова на мала врата, по тајни канали се иницира суштинска промена на постојниот закон во поглед на регистрацијата и престанокот на работа на Здружението на граѓани и фондации. Меѓутоа, оваа ваша реплика ја разбирам како навистина немање факти, контра факти на она што јас го излагав во моето излагање. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Спасеновски Александар, дали баравте реплика или збор.

Тогаш, реплика има Весна Бендевска на излагањето на министерот.

Повелете.

**Весна Бендевска:** Министерот своето реплицирање кон моето излагање го започна со еден клучен збор - наредба.

Почитуван господин заменик министер,

Вие на добивате наредби од лицето Бендевска Весна. Во овој дом Весна Бендевска претставува граѓанин чии интереси сум задолжена да ги бранам пред законодавниот дом. И, кога ќе добиете наредба од мене, молам во иднина да ја разбирате како наредба од граѓаните. Тогаш, се разбира дека многу посериозно и многу поодговорно ќе пристапувате кон донесувањето на предлог закони за измена и дополнување.

Кажавте дека намерата на Владата била сосема чиста и сосема јасна. Во овој момент сте се одлучиле да го усогласите постојниот закон со Законот за прекршоци и Законот за едношалтерски систем, притоа да не се повторувам по неколку пати, обидувајќи се на таен начин да регулирате и да смените одлуки во поглед на регистрација на друштвата и на престанокот на здруженијата на граѓани и фондации, со тоа што сте биле инвентивни во вашата работа во првите 95 дена и сте донеле стратегија за соработка со Енвел секторот.

Моето прашање е чисто и јасно, на 31 октомври, граѓанската платформа на Република Македонија до вас достави обимен материјал и ве замоли да го повлечете ваквиот Предлог закон за измени и дополнувања и во еден рок да ги земете предвид и нивните укажувања и нивните барања и нивните новитети, сето она што значи хармонизирање на оваа структура согласно европските стандарди и пред Собранието навистина да понудите квалитетно законско решенија. Јас не ја гледам логиката во ваквата работа на Владата. Значи, во овој момент вие ни донесувате еден преоден, слободно да се изразам, Предлог закон за измена и дополнување на постојниот закон, со намера накнадно да ги разгледувате барањата од невладиниот сектор и да ги инкорпорирате во законот. Па, нели вашиот колега во колумната наведе дека вие сте спремни да донесете нови 800 проекти. Со вакво темпо, со ваква стратегија Македонија би била задоволна доколку успеете во четиригодишниот мандат да стигнете до бројката сто.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика помошник министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека пратеничката не ме свати, можеби не бев доволно јасен. Околу делот на наредбите јас и позитивно се изразив на нејзиниот коментар. Што се однесува во делот на овие предложени измени и дополнувања, ќе се обидам уште еднаш да кажам дека настанува еден проблем од техничка природа, така што можеме да се доведеме во ситуација да нема тело или орган кој што ќе ги води регистрите во Македонија. А, донесувањето на новиот закон, претпоставувам сите тука заедно ќе се сложиме дека, сепак, се работи за сериозна законска рамка, која што очигледно ќе треба што повеќе и поголема анализа на истиот и во тој случај ќе имаме нов закон кој што сериозно ќе ги прифатиме сите забелешки, како на пратеничката Бендевска, така и на идните соговорници кои веќе се јавија за збор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да продолжам со доделувањето на збор, би сакал да ве предупредам, госпоѓо Бендевска, да ги избегнувате овие воени термини, наредба, ви наредувам итн. Имено, пратеникот нема право да нареди на министер или на заменик министер ништо, но затоа може да се повика на член 42 и со поддршка од 5 пратеници да поведе постапка за интерпелација. Наредбите да ги исфрлиме од речникот, не се од парламентарниот сегмент. Тоа ви се поткрало, се разбира, јас ве разбирам, но повеќе да внимавате следниот пат.

Не ви давам збор, госпоѓо Бендевска, вие рековте, не ви давам процедурален збор, вие рековте, јас ви наредувам во името на народот. Не, 50 години ги слушав тие закани, во името на народот ви наредувам. Не ви давам процедурално да зборувате

Збор има Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Јас не знам која по ред е оваа точка на дневен ред овде во Парламентот, чиј изготвувач е Министерството за правда, а ние овде повторно да не го гледаме министерот за правда како претставник на Владата. Тоа се случи со постапката за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија. Со постапката за измени и дополнување на Законот за спречување на корупцијата тоа се случи исто така, па повторно се случува и со овој Закон за Здруженија на граѓани и фондации.

Но, што да очекуваме повеќе од Влада, како што е оваа, во која што не се знаат или се мешаат надлежностите на министрите, па имаме можност да го видиме, да го слушнеме министерот за правда чиј што настап повеќе доликува на настап на јавен обвинител. Потоа, потпретседателот на Владата за евроинтеграции со настап како министер за правда, па министерот за надворешни работи наместо да се занимава со надворешната политика, се занимава со прашања од надлежност на други ресори. На пример, од транспорт и врски, повикувајќи градоначалници да постапат по наредби на министерот за транспорт и врски и во друга ситуација кога презема ингеренции од Министерството за правда во врска со верските заедници, Законот за верски заедници, што е од надлежност на Министерството за правда. Значи, таа е состојбата со која што се соочуваме, па дел од тој начин на работа е и овој закон за измени и дополнувања на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Се поставува прашањето дали треба да се измени и да се дополни овој закон. Да, тоа е конзистентен став, еве и лично мој, бидејќи и јас како министер за правда се залагав за измени и дополнувања. Но, прашањето е на кој начин да се направи тоа и кои одредби од законот да се изменат. Владата во претходниот состав на многу транспарентен начин ја водеше постапката за измени и дополнувања на овој закон, организирајќи многу тркалезни маси, работилници, во која учествуваа и претставници на политичките партии и претставници од невладиниот сектор. Мислам дека треба да биде неспорно ако се постигне консензус на такво ниво, Владата сметам дека има обврска тоа понатаму да го пушти во процедура, за на крајот да има завршница во Парламентот. Значи, тој е изготвен закон од претходната Влада и оваа Влада наместо готов текст, да има подготвена работа и да го пушти во процедура, ние три месеци чекавме Владата да го скрати законот. Значи, ако три месеци се потребни на Владата за еден изготвен текст да го скрати, да го сецка на парчиња, колку време на Владата ќе и биде потребно да изготви сосема нови закони. Значи, се соочуваме со тоа прашање. Тоа што го работела Владата е само кратење на текстот. Затоа, наместо овие измени и дополнувања да значат усогласување со европското законодавство, кое овозможува и правни лица да бидат основачи на здруженија на граѓани, ги имаме старите решенија, а измените се направени или пуштени изготвените измени само во тој дел што значат усогласување со едношалтерскиот систем и со Законот за прекршоци. Тоа никој не го спори, тоа е потребно, едношалтерскиот систем е проект на претходната Влада, кој веќе покажува позитивни резултати. Но, сметам дека не е доволно измените и дополнувањата да се однесуваат само на таа материја. Наместо усогласување со законот, со стандардите во државите, во другите држави, имаме само парцијално менување на законот. Самиот текст на законот укажува на тоа. Заради подобрување на текстот и во комисиите беше повикана Владата ако може да интервенира со тоа што ќе го повлече законот, ќе пушти во процедура нов законски текст, за да направиме закон кој навистина ќе не доближи до Европа, а кој ќе биде и во функција на невладиниот сектор како партнер на Владата.

Владата со овој текст што го предлага се доведува во ситуација невладиниот сектор наместо партнер да биде противник на Владата. Но, Владата одлучува за тоа. Тука сме и ние пратениците од опозицијата кои настојуваме да го ублажиме тој раздор, тие спротивставени мислења на Владата и невладиниот сектор поднесувајќи амандмани по текстот на законот и јас исто така имам амандмани кои се дел од тоа што беше заклучено на организираните тркалезни маси, конференции по повод овој закон, кои се поддржани од невладиниот сектор. Како што спомнав, во однос на основачите да се прошири кругот на можните основачи од само на физички лица и на правни лица. Исто така, има и други прашања кои што значат усогласување на текстот на законот, потоа ограничување на кругот или наведување на минимумот на лица кои можат да бидат основачи.

Интересно е едно прашање кое што Владата можеби не го перцепирала, но можеби тоа не е интересно за Владата, а тоа е можноста согласно амандманите кои ги нудиме ние како опозиција, член на здружение на граѓани да може да биде секое физичко и правно лице, со што се овозможува, освен државјани на Република Македонија и странци да членуваат. Тоа е нашиот став од ставот на Владата. Ставот на опозицијата е дека треба да се либерализираме во сверата на невладиниот сектор и токму затоа нудиме такви амандмани, но Владата има различен став.

Наместо таму каде што треба да се либерализира, се либерализира во прашања што значат владин сектор, функционери, па има ставови, ќе го видиме тоа како ќе биде преточено во законски одредби, да овозможи странци да бидат функционери, да вршат значајни функции во државата, што никаде во светот не постои. Значи Владата сосема оди по погрешни патеки, не прави никакво усогласување, ниту со некакви стандарди, туку си тера по некои свои ставови што, еве ќе видиме каде ќе не однесат. Значи ставот на опозицијата е, да повторам уште еднаш,

да се либерализираме во невладиниот сектор. Тоа е потребно на Република Македонија за да може на тој начин, преку тоа проширување на улогата на невладиниот сектор, со учество и на странски експерти, да се врши поттик на владиниот сектор, да се интервенира во сето она што значи уасгласување на нашето законодавство, со законодавството на Европската унија.

Исто така имаме и амандмани кои, реков, ги ублажуваат оние различни ставови на Владата и невладиниот сектор, преку прецизирање на одредби, на управен одбор, на надзорен одбор, одбор во фондациите и тн. Но, ќе видиме, во зависност од тоа каков ќе биде ставот на Владата по однос на овие амандмани, ќе зависат и нашите дискусии во однос на самите амандмани. Јас очекувам дека Владата, ако тоа не го направи почетно со нудење на квалитетен текст на законот дека ќе има разбирање па ќе ги поддржи амандманите кои значат навистина усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, но се во функција на невладиниот сектор, невладин сектор како што доликува на една демократска држава како што сметам дека е Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам почитуван господине претседателе, господине заменик министер, колеги пратеници.

Дозволете на кратко и јас да ги кажам моите мислења околу потребата од донесување на овој закон и причините заради кои се донесува, затоа што сега се наоѓаме во оваа фаза на дебата.

Имаше доста дискутанти и неспорно е дека потреба од изменување на овој закон има. Но, што е она што јас поинаку размислувам во врска со овој закон.

Се ќе беќе добро и се ќе беше во ред до колку навистина предлагачот во образложението ставеше две причини заради кои треба да се пристапи кон измени и дополнување на овој закон, а тоа ќе беше усогласување со Законот за едношалтерски систем и со Законот за прекршоци. И тука е неспорно, опозицијата тоа го поддржува затоа што ние мораме да сметаме, законите меѓу себе треба да ни бидат конзистентни и да се усоглсени едни со други. Тоа мораме да го направиме. Но ова до тука.

До колку во Предлогот за изменување и дополнување на Законот, во текстот на законот не видов членови со кои се задира и во други суштински работи.

Првиот член не е усогласување ниту со Законот за едношалтерски систем, ниту со Законот за прекршоци, туку со овој член се навлегува во сферата на управување, или во органите, или во составот на органите на управување на здруженијата на граѓани. Тоа ми отвара дилема зошто вака. Ќе беше фер ако Министерството кажеше, да има потреба од изменување и дополнување на овој закон, да ги изменеше и усогласеше само оние членови кои се поврзани со овие два закони, без да навлегува во други сфери и во образложението да си дадеше обврска дека Законот од 1998 година кој, навистина при донесувањето беше оценет како доста позитивен и дека со текот на времето овој закон навистина не одговара на состојбите и дека Министерството за правда веќе работи на нов текст на закон кој закон ќе ги содржи сите европски стандарди и ќе ги содржи добрите решенија кои ги имаме како регионална практика. Но, ова не е направено.

Понатаму, моја дилема и зошто нема да гласам за овој закон, затоа што во членот 11 повторно се задира пак во престанокот на здруженијата на граѓани и во начинот и постапката на поделба на имотот на здруженијата на граѓани, после престанокот на овие здруженија. Исто така, имаме доста членови кои се пак поврзани со Законот за едношалтерски систем, како што е членот 30 или 45, каде се утврдени роковите за утврдување на постапување на основниот суд, а сега, знаете дека со Законот за едношалтерски систем, имаме сосема пократки и поинакви рокови. Тука не се врши усогласување. Се на се, сакам да кажам дека ова е предлог на еден закон кој е набрзина поставен и кој навистина отвара многу дилеми.

Што е ставот на пратеничката група на СДСМ?

Ние сме за усогласување на овој закон со Законот за прекршоци. Ние сме за усогласување на овој закон со Законот за едношалтерски систем, но сметаме дека со ова не се решава во целост прашањето околу здруженијата на граѓаните, затоа што сметаме дека граѓанскиот сектор е многу значаен сектор во сите држави, а особено во транзиционите држави каде сметаме дека како сектор ги застапува интересите на граѓаните, пред се и со своите ставови кои ги промовира во јавноста делува на јавните политики и политиките на Владата и дека треба да биде партнер на Владата, а над се совет на општеството.

Тргнувајќи од оваа огромна важност на невладиниот сектор, сметаме дека Владата требаше да пристапи кон донесување на еден сосема нов закон кој ќе одговара на реалните потреби на невладиниот сектор. Затоа сите вие како пратеници, јас се надевам дека и министерот има добиено мислење и материјал од 50-тина невладини организации кои укажуваат на ова. Ние застануваме заедно со невладините организации затоа што имаме материјал, сознание од Министерството за правда дека во поранешниот состав односно во претходната Влада веќе е изработена драф верзија на законот за здруженија на граѓани и фондации и дека во изработката на овој закон активно учествувале скоро сите невладини организации и здруженија на граѓани и фондации и дека за овој драф закон дал сопствено мислење и Европскиот и Светскиот центар за непрофитно право. Мислам дека тука не требаше да биде голема работа, туку едноставно само да се ставеше во собраниска процедура оваа драф верзија затоа што таа ги

изразува состојбите и барањата кои во овој момент го има невладиниот сектор.

Зошто ние се залагаме да се донесе законот, новиот закон, затоа што сметаме дека на невладините организации треба да им се даде право да се занимаваат со стопанска дејност. Понатаму, не само физички лица туку здруженија на граѓани треба да формираат и правни лица затоа што тоа е европски стандард и тоа го има во сите европски земји, на крајот на краиштата и решението кое се однесува на фондациите го има тоа право, да се воведе статус на здружение на граѓани од јавен интерес и секако да се овозможи и странци да можат да формираат здружение на граѓани и фондации, затоа што немаме аргументи да кажеме не, ако, еве се залагате странци да вршат дури и јавни овластувања, јавни функции во државата каде се донесуваат одлуки. Зошто пак да не овозможиме странците да формираат здруженија на граѓани што исто така ќе придонесат за демократизација на нашата држава. Значи тоа се причините заради кои СДСМ нема да гласа за донесување на овој закон и затоа поднесовме низа амандмани, свесни дека овие амандмани нема да бидат прифатени, колку и да сакаме да дебатираме по истите, колку и да сакаме аргументи да изложуваме овде. Но, целта ни е да укажеме кој е нашиот концепт околу оваа материја, околу новиот закон и за кој концепт ќе се залагаме при донесувањето на овој закон, затоа што навистина сакаме да ги поддржиме невладините организации во овој значаен момент на нашата држава, пристапување кон ЕУ. Тоа е многу важно прашање и навистина тоа треба да ни биде приоритет затоа што сакаме или не да веруваме, невладиниот сектор е, дури и да кажам четврта сила или власт во државата, затоа што ако во политичките партии учествуваат или работат, да речам луѓе кои политички се определиле, надвор од политичките партии имаме доста паметни луѓе кои не сакаат партиски да се определуваат, но преку овие невладини организации има многу што да кажат и да придонесат за развојот на демократскиот процес во нашата држава. Тоа секако дека не треба да им го ускратиме, туку напротив треба да им дадеме поле на работа.

И уште нешто би сакал да додадам, ако сакате, бидејќи доста се дебатираше, па не сакам да делувам тенденциозно, дека некој поддржувал невладин сектор, некој повеќе или некој помалку. Сите ние го поддржуваме невладиниот сектор, но треба еднакво да го поддржуваме и кога сме на власт и кога сме во опозиција. Ние навистина го поддржуваме невладиниот сектор, а за тоа кој повеќе или помалку го поддржува, не сме го измислиле ние. Еве, во една брошура издадена од МТМС, вели дека граѓаните кои ја чувствуваат ВМРО-ДПМНЕ како своја партија, помалку веруваат на граѓанскиот сектор. Не верувам дека оваа констатација е причина за недонесување на нов закон. Не верувам.

Јас разбирам, го знам правниот поредок во државата, знам дека од 1 јануари треба да отпочне примената на Законот за судови и надлежноста и знам дека здруженијата на граѓани ќе останат без орган кој ќе ги регистрира и знам дека треба да се усогласи со Законот за едношалтерски систем и тоа знам дека треба многу брзо да се направи. Но, очекувам дека заменикот министер ќе каже, да го усогласимесега заради овие причини законот и во најбрз можен временски период да го видиме Предлогот за донесување на нов закон во собраниска процедура. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Спасеноски Александар.

**Александар Спасеноски:** Благодатрам.

Почитуван претседател на Собранието, почитуван заменик министер за правда, почитувани пратеници.

Денес на седницата на Собранието треба да расправаме во врска со Предлогот на Владата за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Пред да се осврнам на предложените измени, на почетокот сакам само да укажам дека било која расправа за прашања кои се основен дел од нашиот демократски поредок, како што тоа впрочем е цивилното општество, секогаш со себе носи силен емотивен потенцијал, како што можевме да забележиме, бидејќи станува збор за теми кои во својата суштина се поврзани со највисоките демократски вредности односно со човековите права и слободи. Оттаму сметам дека секој одговорен поединец, независно дали обичен граѓанин, пратеник или министер, кога расправа за овие прашања треба да се води од основниот заклучок дека линијата помеѓу квалитетната дискусија и отворениот популизам е премногу тенка и таа како по некое правило секогаш завршува на штета на оној кој овие суптилни теми ги користи за лична промоција.

Почитувани, анализата на измените кои ни се понудени упатуваат на заклучокот дека поводот за истите произлегува од потребата за усогласување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Законот за едношалтерски систем и со Законот за прекршоците. Консеквентно, со овој Предлог-закон се предвидуваат измени на постојниот закон во два дела. Прво, наместо судовите да бидат надлежни за регистрација на здруженијата и фондациите, оваа обврска му се доделува на Централниот регистар и второ, согласно споменатиот веќе донесен Закон за прекршоци, паричната казна се заменува со глоба.

Анализата на предвидените измени упатува на два суштински заклучоци.

Прво, станува збор за усогласување на постојниот закон со веќе донесени закони за кои државата презела обврска во утврден рок да ги изврши.

Второ, станува збор за измени за кои, имајќи го предвид нивниот технички карактер, во крајна линија ќе го подобрат функционирањето на постојните невладини организации и фондации.

Како потврда во оваа насока е и помалку суштинската измена, предвидена со членот 13, за измена на ставот 2 од членот 56 на постојниот Закон, со кој му се доделуваат ингеренции на Јавниот обвинител да поднесе иницијатива за престанок на одредено здружение на граѓани или фондација. Во таа смисла, како заклучок од изнесеното можеме да констатираме дека идејата на законодавецот не е во подлабока мера да ги отстрани слабостите на постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации, кои се појавија од неговото донесување во 1998 година, до денес, туку да изврши одредени претходно преземени обврски во смисла на, како што спомнав, усогласувања со претходно донесени закони.

Почитувани, факт е дека изминатиот период се засилија изјавите дека се потребни подлабоки резови во Законот за здруженија на граѓани и фондации. Факт е дека на темелот на тие ветришта, пред нас имаме десетици амандмани поднесени од пратениците. Меѓутоа, суштината на овие измени, едноставно, не е таа, како што и техничкиот карактер на понудените измени не значи дека во скоро време можеби нема Владата да излезе со предлог кој ќе биде разултат на соработката со невладиниот сектор. Оттаму уверен сум дека секое слепо инсистирање за длабоки резови, наспроти јасните како ден, објаснувања на Владата, не враќа на почетокот од овој говор, каде констатиравме дека расправата за овие крајно суптилни теми треба да почива на заклучокот дека линијата помеѓу квалитетната и издржана дискусија и отворениот популизам од друга страна, е премногу тенка и таа секогаш завршува на штета на оној кој овие теми ги користи за лична промоција.

На крајот, заради наведените образложенија во овој говор, сакам да истакнам дека ќе гласам во прилог на усвојувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе се обидам сосема накратко да дадам свој прилог во дискусијата по овој сериозен закон кој во овој момент ни се нуди, не можеби точно поради самиот закон, туку поради материјата која тој ја допира. Тоа е невладиниот сектор. Сметам дека се работи за еден многу значаен сегмент за сите држави, особено за нашата држава и тој невладин сектор треба секогаш и во секоја држава, навистина да биде партнер на Владата, но никако не смее да биде во нејзина функција односно треба да биде независен, така како што и се декларира.

Токму поради тоа сакам да кажам дека во она што ни се предложи, јас гледам исто како и некои од моите колеги, кои претходно дискутираа, скриени намери на Владата. Зошто го гледам тоа, ќе образложам со следнава дискусија.

Имено, со Предлогот на законот, каде што се објаснува, при образложението зошто е потребно да се донесе овој закон вели:

“Измените и дополнувањата што се предлагаат со овој Предлог на закон се однесуваат на две прашања и тоа прашањето на надлежен орган за регистрација на здруженијата на граѓани и фондации и прашањето на замената на казните со глоба изразена во евра, односно во денарск апротиввредност”.

До тука се е во ред, до колку со овој закон единствено се правеше усогласување со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистер и регистерот на други правни лица, регистрацијата на здруженијата на граѓани и фондации.да се пренесе од судовите, што до сега беа надлежни за нивна регистрација во Централниот регистер и оваа обврска, според претходните цитирани закони, треба да завршеше до 30 септември оваа година. Но, еве сега, рокот е пролонгиран и тоа е во ред. Тука нема никој забелешка од тој аспект.

Исто така немаме забелешка на тоа што Законот треба да се усогласи со Законот за прекршоци, зборуваме за постојниот Закон и казните да се заменат, како што следува во Законот за прекршоци. Меѓутоа, почитувани колеги и овде беше неколку пати спомнато, пак ќе спомнам дека навистина не се работи исклучиво за тоа. Своите забелешки ги изрази и преку амандмани, така што се надевам дека дел од амандманите, до колку не бидат прифатени од Владата, парламентарното мнозинство добро ќе размисли околу нив и можеби ќе бидат гласани од Парламентот, иако многу ретко се случува тоа, но овој пат во името точно на невладиниот сектор и за значењето што и претходниот колега говореше, ќе најдеме согласност и ќе смогнеме сили да ги изгласаме и тие амандмани.

Дека не се работи само за тоа, за усогласување со едношалтерскиот систем и Законот за прекршоци, туку и дека се регулираат и суштински прашања, тоа се членовите што упатуваат на прашањата вов рска со управувањето, престанокот и распределбата на имотот на здруженијата на граѓани и фондации.

Покрај членот 1, каде што се говори за тоа кој може да учествува во извршните органи, имам забелешка и на другите членови. Но, за тоа би говорела по тесктот на законот, со оглед на тоа ќе ја почекам Владата како ќе се изјасни по предложените амандмани, а и колегите пратеници.

Навистина, симптоматична ми е една одредба, каде што во членот 13 се дава можност на Јавниот обвинител да поднесе иницијатива за престанок на здруженијата на граѓани и фондации, ако се сомнева дека тие остваруваат активнсоти од членот 3 и 4 и тоа е во ред. Според мене, апсолутно немам никаква дилема околу тоа.

Меѓутоа, повеќе ме загрижува што постојниот Закон во членот 47 вели дека, до сега барем беше така, судот нема да изврши упис во Централниот регистер ако утврди дека целите и дејствувањето, актот за основање, статуто и програмата на здружението на граѓани и фондација не се во согласнсот со членовите 3 и 4 на овој закон. Ова сега веќе не е критериум за да може одредена фондација или здружение на граѓани да биде внесено во Регистерот.

За да биде појасно на јавноста, ќе појаснам дека членот 3 се однесува на следното:

“Здруженијата на граѓани и фондации не можат да вршат политички активности или да го користат својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии.

Во смисла на став 1 на овој член се подразбира дирекно учество во изборна кампања и собирање на средства за изборна кампања и финансирање на политичките партии”.

Понатаму, членот 4, што е исто така од големо значење, вели дека нема, до колку нивните програми, здруженијата на граѓани и фондации се насочени, исто така нема да се регистрира, насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Не знам зошто треба да не се земат во предвид одредбите од овие два члена при регистрирање на одредено здружение на граѓани. Навистина, Јавниот обвинител отпосле може да преземе мерки и да изрече мерка престанок на здружението, да покрене иницијатива, односно пред судот за престанок на здружението, но почитувани коелги, сведоци сме дека многу здруженија на граѓани се формираат непосредно пред изборите, се со една единствена цел да завршат работа на одредена политичка партија, а потоа за нив е сосема ирелевантно дали понатаму ќе опстојуваат и ќе бидат вброени во невладиниот сектор меѓу оние здруженија и граѓани кои сосема одговорно си ја обавуваат својата функција, граѓани кои имаат голем капацитет во себе и сакаат на некој начин да придонесат во развојот на државата.

Бевме сведоци, овде ќе посочам и конкретен пример дека пред изборите беше формриано едно здружение Глас на светлината, мислам дека се викаше, што добро си ја заврши својата улога со многучасовни блокади на улиците, а дека беше во функција на одредена политичка партија, можете и сами да проверите и двајцата негови први членови беа вработени на убави работни места, едниот во МЕПСО и другиот, почитуваната Марина Христова мислам дека се викаше, во Катастарот. Навистина не го доби она место што го посакуваше, меѓутоа така е кога имаме поголем надзор, така што проект-менаџерот не го прифати нејзиното место, со оглед дека таа не покажа доволно способности да ја обавува таа функција.

Значи, здружението се формира непосредно пред изборите, ја постигнува својата цел за политичката партија, ги вознемирува граѓаните со многудневни блокади на улиците, потоа нивните членови се наградени и тоа престанува да постои. И навистина, нема зошто понатаму да постои. Си ја завршиле својата функција и сега треба да се бават со другите работи што веќе ги имаат како вработени, како награда од Владата.

Покрај ова, реков дека имам и други забелешки. Но се надевам дека со одредените амандмани ќе дојде до подобрување на текстот, иако мислам дека можеби ќе беше најдобро да го разгледаме посериозно Предлогот за донесување на измени, можеби Владата да ги слушнеше овие наши забелешки, потоа да го разгледаше сериозно материјалот што е доставен од погоелма група на здруженија,односно од Комитетот на граѓанската платформа. Тука имаме потписи на 29 здруженија, а пота се придружиле и други. Вкупно имаме 52 потписи од различни здруженија на граѓани од цела Република Македонија, кои што кажуваат зошто не се добри измените.

Ако Владата не сака да ги послуша забелешките од опозицијата, мислам дека барем, не да ги послуша под послушност, туку да ги слушне, еве да се поправам, претседателот да не ме опомени и мене, да ги слушне забелешките од опозицијата, тогаш се надевам дека ќе ги земе во предвид, барем забелешкит еод невладиниот сектор, затоа што не се работи за едно, две или пет, туку се работи за над 50 здруженија на граѓани кои укажуваат зошто не се добри овие измени, односно дека не се работи само за усогласување со претходно доенсените закони, туку има и суштински измени во законите.

Токму поради сето до сега искажано, нема да дадам подршка на овој Предлог на закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитувани колеги,

Пред нас стои Предлогот за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондации, каде што како овластен предлагач се јавува Владата на Република Македонија, што се потрудила да испрати свои претставници, како што е овде наведено господинот Михајло Маневски, минстер за правда, отсутен и господинот заменик министер за правда Сашо Василевски, со цел да го образложат Предлогот што ни го доставиле на усвојување или не.

Наша работа, како пратеници е да го коментираме Предлогот, да бараме објаснувања и дообјаснувања на членови што ни се чинат спорни.

Апсолутно одговорно тврдам дека не сум го употребила во моето прво излагање глаголот “наредувам”. Тоа што така му личи на господинот

заменик министер, претпоставувам дека е барање излез во недостаток на одговори.

Меѓутоа, што е тука е. Можеби бев преопширна, можеби господинот не беше во состојба да ме следи, јас ќе се обидам накратко да поставувам прашања, господине заменик министре, кои вие, како претставник на предлагачот сте должни да ни ги објасните, со цел ние да одлучиме дали ќе го прифатиме или не вашиот предлог.

Ќе започнам со прашањето број 1.

Ве молам да ми одговорите господине претставник зошто интервенирате во членот 31 со нов став кој гласи, парафразирам дека вработените во стручните тела и служби во здруженијата на граѓани и фондации не можат да бидат избрани во извршните органи на здруженијата на граѓани и фондации. Ми се чини дека прашањето е конкретно и се надевам дека имате подготвен одговор.

Второто прашање исто така ќе го псотавам во најконцизна форма што можам:

Зошто Владата, како предлагач на овој закон смета дека Централниот регистар, при упис на определено здружение на граѓани или фондација, не мора да врши проценка на уставноста и законитоста на статутот и програмата на здружението на граѓани или фондација. Зошто сметате дека Централниот регистар е доволно пред се да ги има актот за основање, статутот, програмата за работа, но не мора да даде и оценка дали статутот и програмата на здружението на граѓани и фондации се во согласност со членовите 3 или 4.

Трето прашање на кое што не добив одговор од господинот заменик министер:

Зошто Единствениот регистар на регистрирани здруженија на граѓани и фондации при Централниот регистар сметате, согласно вооj Предлог на закон дека е доволно да биде објавен само на веб страницата, а не и во Службен весник на Република Македонија?

Четврто прашање, ве молам дали можете да го дефинирате и детерминирате поимот “заинтересирано лице” што го наведувате во членовите 11, 12, 13 и 14? Бидејки сметам дека токму овие членови што ја регулираат материјата за престанок на здруженијата на граѓани и фондации се најспорни во овој Предлог на закон. Најспорен момент во Предлогот на законот што сакате да ви помине, дека е придружен елемент во вашите намери, во оваа фаза да го усогласите постојниот закон со Законот за прекршоци и Законот за едношалтерски систем.

Ве молам да ми одговорите, зошто интервенирате во поглавјето “Престанок на здружението на граѓани и фондации”, под изговор дека во овој момент вршите усогласување со Законот за прекршоци и Законот за едношалтерски систем?

Дали Владата смета дека со понудените членови 11 и 12 од Предлог-законот за измена и дополнување апсолутно нуди членови што се сосема контрадикторни со членовите 20 и 37 од веќе постојниот Закон, во кој, во оваа фаза не интервенирате?

За да бидам појасна, членот 20 од постојниот Закон се однесува на статутот на здружениеот на граѓани. И вели, цитирам:

“Статутот на здружението на граѓани особено содржи:

- име и седиште
- цели и задачи
- орган и начин на нивен избор и на нивно отповикување

траење на мандатот на органите” и т.н. и т.н., така што во претпоследната алинеја “статутот содржи и начин и постапка на престанок на здружението на граѓани и постапување со имотот на здружението на граѓани во случај на негов престанок”.

Членот 37 од постојниот Закон се однесува пак на статутот на фондациите. Исто така, освен што наведува дека статутот мора да содржи име на фондацијата, цел на фондацијата, адреса, постапка и начин на користење на средствата и т.н. и т.н., последните алинеи велат дека статутот содржи постапка за управување и располагање со имотот, престанок на имотот на фондацијата во случај на престанок на работа на фондацијата и други услови.

Во овие членови, предлагачот, односно Владата не интервенира во овој случај, на Предлог законот за изменување и дополнување. Значи, апсолутно евидно смета дека регулирањето на имотот на здруженијата на граѓани и фондации по нивниот престанок е веќе решен со статутот.

Да ве потсетам, во Предлог-законот, членот 11 вели:

“Престанокот на здружението на граѓани со решение го утврдува Централниот регистар”. И, додава нов став кој за мене е навистина спорен и барам комплетно објаснување, што мислеше предлагачот кога го нуди овој нов став. Цитирам:

“Врз основа на решението од ставот 3, односно решението со кое Централниот регистар го утврдува престанокот на здружениеот на граѓани, заинтересираното лице поведува постапка пред надлежен суд за начинот на кој ќе се подели и ќе се користи имотот на здружението”. Не сметате ли, господине заменик минситре дека апсолутно креирате хаотична ситуација? Не сметате ли дека со ваков начин на уредување на оваа регулатива ќе направите навистина надлежниот суд да се занимава со две сосема спротивни страни, а замислете и двете ќе бидат содржани во еден закон?

Истото што го говорев за членот 11, се однесува и на членот 12, бидејки ја регулира во иста форма и постапка, само што се однесува за фондации.

Шесто прашање до предлагачот на овој закон:

Дали можете да ми го објасните членот 13 од понудениот Предлог на закон за измени, кој вели:

Во членот 56 став 2 се менува и гласи: Јавниот обвинител и секое заинтересирано лице може да поднесе иницијатива. . .

**Љубиша Георгиевски:**Се извинувам што ве прекинувам.

Еднаш говоревте, првиот пат, кога го разгледувавме Предлогот на законот член по член што треба да се говори кога ќе се разгледува односно кога ќе се отвори претрес. .

**Весна Бендевска:** Се извинувам, меѓутоа јас не говорам член по член, не сте во право.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете, вие по втор пат говорите за содржината на законот, а на дневен ред е Предлог на закон.

Трето, со вашата координаторка говорев и обрнав внимание да ви обрне внимание да говорите колку сакате и како сакате, но тоа што е на дневен ред. Сега е на дневен ред - отворам претрес по Предлогот за донесување на законот, а вие по втор пат говорите за содржината, што не е во ред процедурално. Не сакав да ви обрнувам внимание, дозволете, не мии упаѓајте во збор, ве молам, не ми упаѓајте во збор, не сакав јавно да ве предупредам дека говорите исправно на погрешно место. Сега пак говорите исправно, но пак на погрешно место. Ве молам, оваа дискусија запомнете си ја кога ќе отвориме претрес кон содржината на законот. Немам никакви зли мисли, сакам само да ви помогнам затоа што треба да се придржуваме до една процедура. Кога ќе дојдеме да говориме по однос на содржината на законот, што значи за амандмани, тогаш е оваа дискусија, ве молам.

**Весна Бендевска:** Ќе ми дозволите ли да продолжам?

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви дозволувам, но не е на место дискусијата.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Како прво не сте во право. Точно дека отворивте расправа по Предлог закон за донесување закон за изменување и дополнување. Предлогот содржи многу повеќе членови отколку што јас говорам. Се задржав само на членовите кои ги сметам за спорни и за да можам да го формирам моето мислење за тоа како ќе гласам по Прдедлог законот за донесување на закон, сакам да добијам релевантни одговори.

Јас ја разбирам вашата нервоза само ве молам и апелирам на вашата парламентарност. Имам право да говорам заради навистина да формирам свое правилно мислење.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви се извинувам.

Продолжете.

**Весна Бендевска:** Немам проблем.

Значи, стигнав до 6-то прашање и за тоа сакав кратко и концизно да допрам до предлагачот, односно заменикот министер за да добијам конкретни одговори. Не гледам спорно ниту зла намера ниту намера за опструкција. Значи, дали можете да ми го објасните членот 13 каде сметате дека јавниот обвинител и секое заинтересирано лице може да поднесе иницијатива за престанок на здруженијата на граѓани и фондации.

Дали не е пракса господине заменик министер секое заинтересирано лице да може да поведе иницијатива пред јавниот обвинител, со кое апсолутно се согласувам. Меѓутоа, јавниот обвинител е оној кој може пред надлежен суд да поведе постапка доколку смета дека во работата на некое здружение на граѓани или фондација апсолутно е нарушен процесот и законитоста.

Затоа барам објаснување на вашата замисла кога го предлагате овој Предлог закон за донесување на Законот за измени со овој член.

Последното прашање, дали можете да го објасните членот 15 со кого го бришете ставот 5 од членот 59 од Постојниот закон.

5-от став гласи: “против правосилното решение дозволена е заштита на законитоста која ја поднесува јавниот обвинител”. Навистина барам објаснување зошто сметате дека во новиот изглед на законот овој став е сосема излишен. Зошто сметате дека јавниот обвинител по правосилно решение не би можел да побара заштита на законитоста.

Јас навистина барам и инсистирам,ве молам, да внимавате, го употребувам глаголот инсистирам за да можам да си формирам сопствено мислење, да добијам конкретни одговори на овие конкретни прашања.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денеска пред нас имаме Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за здружение на граѓани и фондации и јас искрено ја очекував дебатата иако сметам дека е неоснована, а ќе кажам зошто.

Овие измени кои денеска ги имаме на дневен ред се измени кои се, пред се, од технички карактер и кои се однесуваат на усогласување на законот. Во таа насока сметам дека оваа дебата која што се случи сега треба да се случи, но, треба да се случи во некои други услови, во некоја друга атмосфера и можеби во некоја друга прилика. Зошто не и на јавна дебата организирана од граѓанскиот сектор, зошто да не и на некои од медиумите, но она што денеска го разговараме навистина техничко усогласување на овој закон со Законот за едношалтерски систем и со Законот за прекршоци. Од таа страна навистина е симптоматично да бегаме од темата и наместо за предложените измени разговараме за нешто друго.

Нешто слично ни се случи кога предложивме намалување на ДДВ-то за земјоделците од 18 на 5%, тогаш имавме десетици амандмани каде се побара намалување на ДДВ уште на 20-тина други ставки, што е во ред и што може да се разговарам, но тој ден на дневен ред не беше тоа,

Истото е и сега. Разговараме за промена односно за усогласување на Законот за здружение на граѓани и фондации со закон за едношалтерски систем и закон за прекршоци, а ние разговараме за нов закон.

Во таа насока би ве замолил заеднички во насока на конечна департизација на граѓанскиот сектор, за што подоцна ќе зборувам, да дадеме поддршка во овој момент на овие промени, а понатаму заеднички да работиме на изработка и доставување на нов закон за здружение на граѓани и фондации. Нов закон кој ќе ја регулира доследно целата оваа свера и кој ќе ги прифати забелешките кои ги имаат не само пратениците, туку и оние што се најзасегнати, а тоа се здруженијата на граѓани.

Во таа насока јас би сакал како претставник на парламентарното мнозинство, но и како човек кој во мојата матична политичка партија сум одговорен за граѓанскиот сектор тука да ветам дека до јуни 2007 година многу сериозно ќе работима на изработка на нов закон и се надевам дека со поддршка на парламентарната опозиција до јуни 2007 година ќе имаме нов закон кој ќе инкорпорира многу од забелешките кои денеска беа слушнати. Но, да се инсистира во фаза кога се прави само усогласување на мала врата да се протурка нов закон, сметам дека во најмала рака е непристојно.

Исто така, Законот за здружение на граѓани и фондации не е доволен ако не е проследен со уште неколку законски акти, како што е Законот за филантропија, Законот за волонтерство, Законот за донации. Од овие четири закони донесен е само Законот за донации, односно во дел од одредбите на Законот за донации се говори за даночни ослободувања на првните лица кои би финансирале здруженија на граѓани од јавен интерес. Но, за да влезе во функција овој закон потребни ни се измени и во Законот за здружение на граѓани и фондации, потребни ни се измени и во Законот за филанропија и во Законот за волонтерство.

Во таа насока можам да кажам и да најдам дека во моментот во Министерството за труд и социјална политика доста интензивно се работи на Законот за волонтерство при што се вклучени голем број на здруженија на граѓани во неговата изработка, но вклучени се повеќето ресори во Владата за да имаме еден закон кој ќе ги претставува реалните потреби и на Владата, но и на граѓанскиот сектор.

Во таа насока би сакал уште еднаш да ја реафирмирам добрата волја и на парламентарното мнозинство, а се надевам и на Владата до средината на 2007 година прашањето - граѓански сектор го затвориме со исклучително квалитетни законски решенија кои ќе бидат восогласност со европската практика.

Во таа насока би сакал да поставам и да остварам едно прашање тука за кое сакам да продискутирам, а тоа е зошто до сега не е донесен нов закон за здруженија на граѓани и фондации. Имено, постојниот закон за кој денеска разговараме односно предлагаме негови промени е донесен во 1998 година и признавам, тоа го зборуваат голем број експерти, дека во тој момент тој закон беше еден од најмодерните закони на подрачјето на Југоисточна Европа и во тој момент уредуваше голем број прашања кои беа отворени тогаш. Се случи голем број од здруженија на граѓани кои беа регистрирани претходно без никаков ред да бидат редуцирани и во моментот се уште ја немаме достигнато бројката на регистрирани здруженија на граѓани и фондации каква била во 1998 година.

Овој закон кој го имаме сега за времето кога бил донесен пред 8 години бил навистина добар законски акт и тоа треба деа се потенцира.

Но, заради тоа што условите се менуваат, заради тоа што граѓанскиот сектор е еден од секторите кој најбрзо се развива во светот не само во Европа, тоа отвора нови потреби кои треба да значат носење на нов закон, заради тоа што граѓанскиот сектор се повеќе станува не само дел од општеството кое се бави со потребите на граѓаните врз основа на прашањата кои ги уредува, туку многу често станува партнер на владите во Европа и во светот во многу сектори кои владите не се подготвени самите да ги покријат и уште повеќе оде зборувам пред се за меѓународните односно интернационалните организации здруженијата на граѓани станууваат институции по однос на одредени прашања.

Да речеме не можете да зборувате за права на затворениците ако не се обратите до Амнести Интернешнел. Не можете да зборувате за транспарентност, ако не се обратите до Транспарент-интернешнел, не можете да зборувате за заштита на животните ако не се обратите до Светската организација за заштита на животни итн.

Овие прашања треба доследно да се уредат и во законот кој би се изработел.

Во таа насока јас би сакал да кажам две работи:

Прво, согласно информацииите кои ги имам, Законот за здружение на граѓани и фондации односно измените во Агендата на претходната Влада биле планирани за 2003 година. Во 2003 година не видовме закон за здружение на граѓани и фондации и добро е што е тука поранешната министерка за правда да ни одговори зошто два пати Законот за здружение на граѓани и фондации е враќан од седница на Влада. Интересно е дека дел од причините поради кои тој закон е одбиван на седница на Влада односно враќан на доработка се содржани во моментот во амандманите кои госпоѓата поранешна министерка ги поднесува.

Тоа е прашањето за регистрација на здруженија на граѓани од правни лица, тоа е една од причините поради која вториот пат е вратен законот од седница на Влада, а исто така тоа се и здруженијата на граѓани од јавен интерес односно Конвенцијата која би ги определувала здруженијата на граѓани од јавен интерес. Тоа е

исто така причина поради која е вратен законот на доработка и уште повеќе сомневањата дека на овој начин со регистрација на здруженија на граѓани од страна на правни лица и со Комисија со таков состав во тој момент која ги определувала здруженијата на граѓани од јавен интерес би била можна даночна минипулација односно цитирам зборови кои се пренесени од Здруженијата на граѓани - перење на пари.

Ова се многу сериозни забелешки кои, добро е што биле увидени во тој период и добро е што е вратен законот назад. Но, основното прашање кое се поставува визави дебатата дека ние денеска треба да донесеме нов закон за здружение на граѓани е зошто СДСМ кој беше на чело на Владата од 2002 до 2006 година, и кој, помеѓу другото, дојде на власт со поддршка на невладиниот сектор не му учини на невладиниот сектор и не го донесе овој закон, а сега се обидува на мала врата да протурка нов закон кој заради одредени свои одредби не бил добар во тој период, а е добар да се донесе сега.

Да речеме по однос на регистрацијата на здруженијата на граѓани од страна на правни лица, јас би сакал да го прочитам членот 20 од Уставот кој вели став 1: “на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и идруги права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здружение на граѓани, политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат”. Ова е член 20 и членот 20 е една од причините поради која законот е вратен на доработка.

Јас мислам дека можеме да разговараме за регистрација на зружение на граѓани од страна на правни лица, но за да го оствариме тоа прво треба да разговараме за промена на Уставот. Еве, отворенм повик до опозицијата во една дебата која би се случила во наредниот период ние да размислиме можеби и за промена на Уставот во оваа насока за да дозволиме и на правните лица да можат да формираат здруженија на граѓани заради тоа што навистина тоа европската практика и го покажува како такво односно постои во европската практика, но уште повеќе за да можеме да ги оствариме барањата од ЕУ кои ги имаме како такви.

Ова е само еден пример, можеме да разговараме по сите прашања кои почитуваната колешка Бендевска ги отвори, но веројатно тоа ќе го правиме кога ќе разговараме за текстот на законот. Ова е еден флагрантен пример зошто ние денеска не можеме да донесеме нов закон за здружение на граѓани и фондации. Заради тоа што потребна ни е јасна и отворена дебата за да донесеме закон кој нема потреба потоа дополнително да го менуваме.

Уште повеќе денеска зборуваме за реакции на здруженија на граѓани. Јас ќе ви кажам една работа. Во Македонија има помалку од 6 илјади здруженија на граѓани и фондации, главно се здруженија на граѓани кои се регистрирани.

Сметам дека начинот на кој бил носен, односно бил работен Предлог законот за здруженија на граѓани и фондации во изминатиот период е нетранспарентен односно дека била вклучени само оние здруженија на граѓани и фондации кои се со лева ориентација, да не ги определуваме политички. Во таа насока сметам дека треба во наредниот период да отвориме една широка дебата заради тоа што ниту 58 ниту 100 ниту 200 здруженија на граѓани не можат да бидат репрезент на целиот граѓански сектор. Значи, 10% од 6 илјади е 600. Ние имаме помалку од 60, тоа е помалку од 1%. Ако помалку од 1% здруженија на граѓани можат да говорат во името на целиот граѓански сектор тоа е исто како еден пратеник да зборува за сите нас 120, така што мора да се отвори дебата, мора да се отвори на транспарентен начин.

Тука е занимливо тоа што до сега беше спомнувано за граѓанската платформа, тоа е дна убава иницијатива на 58 здруженија на граѓани и две фондации, но има два проблеми.

Прво, имавме средба со нив, учествуваа дел од колегите, не ја гледам колешката Цветанка Иванова која присуствуваше на тој состанок, и она што е евидентно самите здруженија на граѓани дури и овие 58 кои претходниот состав на Министерството се обиде да ги претстави како репрезент на граѓанскиот сектор немаа конзистентен став. Она што јас го побарав од нив е да ни достават конкретни амандмани врз основа на кои можеме да работиме на поправка на постојниот текст кој е поднесен, а потоа заеднички да работиме на изработка на нов закон. Тоа не се случи, добивме написмено образложение но кое не е конкретно, кое не конкретизира конкретни амандмани и кое значи општи образложенија, а спротивно на тоа вкупно, тука го имам материјалот, педесет и нешто амандмани кои значат нов закон, ова е текстот кој беше доставен од дел од здруженијата на граѓани, денска го гледаме како амандмани на СДСМ, што е интересна дискусија ви за ви дискустијата која ја отвори пратеничката од ЛДП госпоѓа Роза Топузова-Каревска за она што се вика злоупотреба на граѓанскиот сектор, односно таа зборуваше за Глас на светлината, сметам дека не треба да ги отвораме тие прашања од проста причина што секое здружение на граѓани само за себе одлучува на кој начин ќе дејствува и во која насока ќе дејствува. Уште повеќе во светот особено во Европа немате проблем со идеолошката определба на фондациие и на здруженијата на граѓани.

Да речеме во Македонија егзистираат две големи фондации, тоа се НДА и ИРИ, едната е десно определена, другата е лево определена. Тоа во САД на никого не пречи.

Но, ако сакате да го отвориме тоа прашање убаво е да речеме да ни одговорите како за само еден ден успеаа здруженијата на граѓани СОЖМ и

фондацијата институт Отворено општество - Македонија да организираат прослава за признавањето на уставното име на Република Македонија и од каде ги добија тие средства за само еден ден, тоа е многу интересно прашање. Или имале голема резерва на средства, или некако на чуден начин ги добиле. И трето, како тие беа единствените кои што во тој момент знаеа да нарачаат билдборди пет дена пред да добиеме официјално известување од САД, да организираат пеачи, бини итн. Или, мислам дека за вас е особено политички штетно и кога би бил на ваше место не би го отварал ова прашање, иницијативата "Доста е" од стотина здруженија на граѓани, што буквално работеше на уривање не само на Владата, туку на цел државен поредок во 2001 и 2002 година. Исто така, ситуацијата на онаа познатата "Тука сме, тепајте" на Здружението на новинари, кои после тоа на многу интересен начин станаа порпароли на голем број од владините институции итн.

Она што сакам да го кажам е сметам дека не треба да ја отвораме на овој начин дебатата. Здружението на новинари во тој момент имало став и тоа е во ред, имале став и го изразиле тој став. СОЖМ и ФИОМ фондација, Институт Отворено општество имале став дека треба да се подржи признавањето на името на Република Македонија. Одлично. Но доколку сакате на тој начин да ја водиме дебатата, апсолутно можеме да ја водиме. Пак ќе ја споменам колешката Цветанка Иванова, која за жал не е тука. Таа цитираше една брошура која ја изработи Македонскиот центар за меѓународна соработка, каде што вели дека граѓаните што се блиски до ВМРО-ДПМНЕ, односно кои што се поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ генерално имаат недоверба во граѓанскиот сектор. И вие сте тие кои што треба сами да си го поставите прашањето зошто е тоа така. Уште повеќе, еден голем теоретичар во невладиниот сектор, тоа е господинот Ило Трајковски, отворено зборува уште во 1999 година дека здруженијата на граѓани во Македонија генерално се со лева ориентација, односно барем оние здруженија на граѓани кои активно дејствуваат, што се гледа меѓу другото и на начинот на распределба на средства од страна на Владата, што се гледа меѓу другото и во однос на партнерскиот однос, кој што се прави со поедини здруженија на граани итн.

Да се вратам на законот. Она што мислам дека е суштински е дека оваа дебата не треба да ја водиме денес и не треба да ја отвориме тука. Оваа дебата треба да ја водиме во наредните пет-шест месеци, за да имаме чиста слика пред нас и кога ќе дојдеме со чист закон тука, конечно да го затвориме прашањето. И уште повеќе, ние сме чесни, да кажеме дека ни требаа шест месеци, да си дадеме рок и после шест месеци повторно тука да провериме дали сме го оствариле тој рок или не. Вие четири години велевте за шест месеци, за шест месеци и во најмала рака е непристојно она што сте го работеле како Предлог на закон и што не сте успеале да ви помине во тој период, сега да го поднесувате како ваши амандмани.

На крајот сметам дека ова што денес се вика усогласување ќе помогне во една работа, а тоа е на многу полесен начин да се формираат здруженија на граѓни и фондации, кои ќе овозможат богатство на дијалог, богатство на демократија во Македонија, богатство на различни идеи, но уште повеќе ќе овозможат покривање на сектори кои реално треба да ги покријат самите граѓани, односно ќе овозможат општеството максимално да се деполитизира и Владата да се занимава со државните работи, додека граѓаните се занимаваат со работите кои се од нивен примарен интерес и уште повеќе ќе овозможи редица здруженија на граѓани кои ќе можат да бидат коректив на она што се вика Влада, Парламент, судство, итн, завршувајќи со локална самоуправа.

Во таа насока, иницијативата е добра и сметам дека ова е добар начин да ја отпочнеме дискусијата за граѓанскиот сектор во Македонија, иако за многу прашања не се согласуваме, иако веројатно ќе имаме и различни ставови и понатаму во дискусијата, но тоа се прашања кои треба да се отворат.

На крајот, почитуваајќи ја забелешката која ја искажа господинот претседател на Собранието, јас не би сакал да одам по текстот на законот, но можеме да поразговараме подоцна, да поразговараме што значи управен и извршен орган, што значи да речеме заинтересирано лице да поднесува иницијатива за престанок на здружение на граѓани, или да дискутираме за објавување на податоци на здруженија на граѓани на веб страна. Но, повторувам тоа би сакал да го оставиме за подоцнежниот тек, односно кога ќе зборуваме по текстот на законот.

На крајот би сакал да се заблагодарам на редица здруженија на граѓани и фондации со кои што заеднички работевме во изминативе месец дена, токму на она што се вика во моментов Предлог - измени и со кои се договоривме дека заеднички ќе работиме во наредниот период. Првиот чекор е веќе утре кога, во хотелот Холидеј Ин на еден исклучително транспарентен начин ќе се разговара за новата стратегија што Владата ја подговува за односи со граѓанскиот сектор, што претставува завршување на фазата што беше почната и во претходната Влада, што навистина е добра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Топузова Каревска реплика, три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Навистина, само што помислив да го искажам моето задоволство што ВМРО-ДПМНЕ веќе решиле да направат департизација или ќе се заложат за департизација на невладиниот сектор, меѓутоа колегата во понатамошното излагање повторно почна да ги етикетира на лево и десно ориентирани и меѓу другото самиот кажа дека секој има право да поддржува одредена опција и

да организира одредени манифестации кои ќе доведат до тоа таа опција, потоа, да победи на претстојните избори, особено ако сите тие настани се многу блиску до изборната кампања.

Тоа е точно дека е така, но не е добро потоа, тие исти организатори на тие настани и манифестации да заземаат високи функции во државата, или пак во државната администрација, како што е случајот со Транспарентност, како што се и посочените случаи од “Светлина”, каде што и двајцата челници на ова здружение, почитуваната колешка Христова и почитуваниот колега заедно со неа се на високи функции, едниот во катастар, другиот во МЕПСО. Можам да ви набројам уште најмалку десет челни луѓе на одредени невладини организации кои од 1 септември веќе се наоѓаат на високи функции во министерствата на Владата на Никола Груевски.

Дека не се работи за измени и усогласувања говори и измената на членот 47 каде што се укинува единствениот критериум зошто не може да биде регистрирано одредено здружение. Значи не може да биде затоа што не треба да има политичка ангажираност или пак да работи против уставниот поредок на Република Македонија и повикување на агресија, нетрпеливост, светска, национална итн.

Затоа, не е добро да се регистрираат овие здруженија. Наведвувам само еден пример, а во Законот има повеќе такви, можат да се регистрираат да делуваат по нарачка во определен период и потоа да згаснат со нивната дејност откако ќе се увиди дека можеби тие имаат и некои од овие активности. Ова не е техничка измена, ова е суштинска измена во Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Николовски Александар, една минута контра реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Навистина мислам дека колешката нема потреба да оди на терен на кој очигледно ќе изгуби и да се однесува како лош стратег на кошаркарски натпревар, кој што бара неговиот центар да шутира тројка. Ова зошто го велам? Заради тоа што да се зборува дека ВМРО-ДПМНЕ злоупотребувал граѓански сектор кога тоа очигледно не е така, кога тоа го зборуваат дури и здруженијата на граѓани и фондации кои се блиски на СДСМ, во најмала рака е нон сенс. А во однос на колешата, јас би сакал да ја прашам дали го познава Владимир Милчин и дали тој случајно беше член на претседателство на нивниот коалиционен партнер и уште повеќе десетина новинари, почнувајќи од Сашо Чолаковски, кој што дали случајно сакам да прашам стана портпарол на Владата, кој што претходно велеше “Тука сме, тепајте”, иако јас мислам дека имаше право да го вели тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бендевска Весна, реплика три минути.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Пратеникот Николовски го започна своето излагање со еден став кој го задржа во мојата меморија. Имено, рече, се обрати до нас, до опозиционите пратеници со повик да не бегаме од темата.

Господине Николовски, не бегаме ние од темата, вие бегате од вистината и вие бегате од вистинските одговири кои многу чесно и совесно ги поставивме пред предлагачот на овој Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување. И вообичаено, како претставник на владеачкото мнозинсвто, веднаш поминавте во контра напад, сега веќе говорите за кошаркарски термини, сметајќи најверојатно дека нападот е најдобра одбрана. Во вашиот случај, секому е јасно, немате одговор на овие прашања. Не поседувате релевантен одговор, не поседувате одговор зошто во овој момент под изговор дека навистина се врши усогласување на еден закон со два постојни, Закон за прекршоци и Закон за едношалтерски систем, се туркаат суштински измени за кои апсолутно никој од вас не проговорува. Прашањата беа конкретно поставени до господинот заменик министер како претставник на предлагачот, односно на Владата. Господинот заменик министер, кого упорно го повикувам да ги одговори прашањата, не бара збор. Нема појасен, поконкретен одговор од одмолчувањето на заменик министерот за правда на Република Македонија на моите прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Николовски Аледсандар, една минута контра реплика.

**Александар Николовски:** Основната разлика меѓу мене и колешката е дека јас ги почитувам правилата и процедурите таа не сака да ги почитува. Ви кажав дека сум спремен да разговараме за сите седум прашања кои ги отворивте и еве тука ги имам запишано, но кога ќе разговараме за текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здружение на граѓани и фондации, а не во овој момент, затоа што сега разговараме за она што се нарекува предлог за донесување. Но да видите дека сме спремни, јас би можел да ви одговорам на едно прашање, а тоа е: го спомнавте членот 13 кој го регулира членот 56. Во постојниот Закон пишува дека секое лице може да поведе иницијатива за престанок на работа на здружение на граѓани, доколку смета дека ги повредува ставовите од членот 3. Со овој предлог кој што го предлага Владата, ние правиме фактички поголема либерализација на она што беше до сега и немате право да говорите дека Владата нема свој аргумент, односно либерализација која што сега ја даваме вие ја сметате за штетна, што е разлика на концептот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Цветковска Благородна, барате реплика или збор?

**Благородна Цветковска:** Побарав реплика.

Благодарам претседателе,

Прво, сакам да упатам едно прашање до колегата Александар, да прашам дали е тој предлагач на Законот и тој дава одговор на поставените прашања. Денес имаме на дневен ред Закон за здруженијата на граѓани и фондации, многу сериозен проблем - невладиниот сектор треба да биде секогаш независен. Се работи за сериозен проблем, но несериозно сватен. Чекав одговор на многу прашања во кои се најдов, прашања што ги постави колешката Бендевска, но не најдов одговор на моите прашања, па затоа директно се обраќам до заменик министерто и барам одговор на следниве прашања.

Член 13 да се објасни. Мислам дека Предлог законот е пред него и треба да се објасни.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, вашата реплика беше на Николовски, а не на министерот. Завршете ја репликата на Николовски, па после ќе добиете збор.

**Благородна Цветковска:** Јас се извинувам господине претседателе, но јас реков дали е тој предлагач да одговара на поставените прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е прашање. Вие реплицирате на Николовски. Министерот молчи и не можете да реплицирате на човек кој молчи, ве молам. Продолжете со репликата на Николовски, овој прекин од 20 или 25 секунди ќе го пресметаме.

**Благородна Цветковска:** Јас подоцна ќе се јавам ако треба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

**Благородна Цветковска:** Мојата реплика беше до господинот Александар само дали тој треба да ги објасни поставените прашања и дали е тој еден од предлагачите на Законот и во својство на заменик министер тој да одговара. Тоа сакав само да го прашам. Инаку, мојата дискусија се однесува до господинот заменик министер.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Благородна, или имате збор и дискутирате колку саката и колку ви е драго, или имате реплика. Јас ве прашав изрично три пати дали барате реплика, вие побаравте реплика. Репликата не може да се дели на два квалитета. Таа има квалитет на исправување на изнесена невистина или на спомнување на некој човек. Така е деловнички. Според тоа, вие имате реплика во однос на Николовски. Кога ќе дојде време да имате реплика во однос на министерот, јас до сега сум поделил 30 реплики во однос на министерот без никаков проблем. Значи, вашата реплика се однесува на Николовски и не можете да ја делите таа да има два квалитета, и во однос на содржина и во семантички однос, односно во однос на кој се однесува. Ве молам, држете се за репликата.

Дали завршивте госпоѓо?

**Благородна Цветковска:** Да, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Николовски Александар, една минута.

**Александар Николовски:** За жал, колешката беше конфузна и мене ми е жал за тоа, но би сакал да и одговорам дека ниту ми е амбиција, ниту сакам да бидам заменик министер, ниту министер за правда. Но за разлика од неа, ова е една од сферите за кои сум компетентен и за кои си дозволувам право да дискутирам малку подобро, а не се јавувам за сите точки да дискутирам подеднакво. И во стилот кој што го отвори СДСМ, веројатно денес не требаше да бидам пратеник заради тоа што, еве, за нејзина информација 4 години работев активно во граѓанскиот сектор, од кои две се на меѓународно поле и по онаа дефиниција која што ја дадовме дека граѓанскиот сектор е партизиран, јас не треба да сум денес пратеник за да докажам дека не е партизиран, односно ако треба да е граѓанскиот сектор партизиран заради мене, еве, јас сум жртва. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Благородна Цветковска, што барате сега, збор или реплика? (збор)

Повелете, имете збор.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Можеби погрешно се разбравме, но во секој случај благодарам. Човечки е и човечки да се разбереме.

Јас се обраќам до заменик министерот, кој е и предлагач на овој Закон за здруженија на граѓани и фондации. Имаме едно отворено писмо добиено на 31 октовмри 2006 година од Министерството за правда на Република Македонија, од господинот министер Михајло Маневски повторно на 1 ноември 2006 години има отворено писмо во врска со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации и врз основа на ова, се обраќам до заменик министерот бидејќи министерот е отсутен моментално од седницата. Барам ако може одговор на овие поставени прашања, зашто не се најдов во поставените прашања што беа претходно поставени од неколку дискутанти.

Зошто во членот 15 се брише став 5 од постојниот закон. Тоа е едно од прашањата. Ќе бидам концизна во интерес на времето.

Исто така барам ако може господинот министер да ми објасни за членот 13.

И трето прашање, зошто единствениот регистер сметате дека треба да биде објавен само на веб страницата, а не треба да биде и во “Службен весник”.

Мислам дека овие прашања што јас ги поставувам заслужуваат внимание, имајќи предвид дека ние имаме над педесетина здруженија на граѓани и фондации регистрирани во Република Македонија, јас верувам дека заменик министерот нема со молчење да се оглуши на овие мои прашања и очекувам одговор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Благородна Дуљиќ. Повелете.

**Благородна Дуљиќ:** Благодарам господине претседателе. Мислам дека сме уште во фазата на гледање на законот, во фаза на предлог за

донесување на закон. Во таа фаза значи дискутираме само за потребата и за усогласеност со Уставот.

Според тоа, во оваа фаза да се ограничиме на она што во Деловникот е кажано, за да можеме да расправаме. Да не се впуштаме во содржината, а уште помалку да поставуваме прашања на заменикот министер, заради тоа што ова не е седница за пратенички прашања. Добра волја е на заменикот министер во која фаза и како ќе се впушти во расправа во било која фаза од донесување на законот.

Според тоа, ваков начин на обраќање спрема министерот зошто ова, зошто она, сметам дека нема такви овластувања во Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Моето објаснување е следното. Јас ја покренав таа дискусија, укажав дека не треба така да се дискутира, укажав дека тематски тоа е на погрешно место, укажав на заменикот министер, укажав на координаторот на пратениката група на СДСМ, но, како што видовте, тоа ништо не помогна. И бидејќи не сакав да бидам репресивен непотребно, допуштив и таква дискусија. Сеедно, таа дискусија може да е во крајна линија исцрпена, дали сега или после.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондации.

Службите нека достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 67 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 56, воздржани нема, против гласале 7.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 57 пратеника, воздржани нема, против гласале 8 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот,

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 18-а по членот 18, член 19 за менување на став 1 и за менување на членовите 20 и 21, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ќенан Хасипи, Хади Незири, Роза Топузова - Каревска и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 6 став 1, член 11 за бришење на став 3 и на член 13, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова - Каревска, Ќенан Хасипи и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 1 во новиот став 2 и на член 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мери Младеновска - Георгиевска поднесе амандмани за додавање нов член 1, по насловот на законот, за додавање нов член 1-а и за додавање два нови члеови 1-а и 1-б по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандмани за менување на член 4, член 6 став 1, член 7, член 11 за менување на новиот став 4 и на член 12 за менување на новиот став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова поднесоа амандмани за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот, за додавање нов член 1-а по членот 1, член 11 за менување на став 2, член 12 за менување на став 2, за додавање нов член 16-а по членот 16, за менување на член 20 и за додавање нов член 23-а по членот 23, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Георгиевска, под архивски број 07-3639/10,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

(Пратеникот Силвана Бонове бара збор).

Повелете.

**Силвана Бонева:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од 10 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, 10 минути пауза.

(По паузата седницата седницата продолжи со работа во 17,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/10.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓрорѓиевска:** Токму тоа е амандманот кој што се однесува можеби на едно од суштинските прашања на измените и дополнувањата на законот. Бидејќи во претходните дискусии од одреден број пратеници бев повикана, јас во оваа прилика сакам да истакнам дека јас останувам конзистентна во

моите ставови и претходно и сега во улога на пратеник. Тоа што сегашната власт се плаши да преземе и можеби смета дека некои чекори се премногу крупни, тоа е веќе друго прашање и тоа е право на Владата. Но, сметам дека можноста здруженијата на граѓани и фондации да бидат основани од страна на правни лица, заради остварување заштита на заеднички цели и интереси во согласност со закон, претставува наша обврска согласно евроатланските интеграции.

Исто така, сметам дека не смее за секое прашање за кои што се иницираат измени и дополнувања да постои страв, најмалку власта треба да има страв дали треба да преземе некои чекори или не треба да преземе некои чекори. Исто така, сметам дека неосновано и неоправдано е секоја измена да се бара изговор дека потребно е да се направат уставни измени. Очигледно е дека Владата некако се навикна на таков начин на постапување до нас пратениците стигната е иницијативата за измени на Уставот, се наговестува и нешто друго. Значи, наместо да се занимаваме со сериозни работи што се согласно Уставот и согласно Уставот треба да бидат законска материја, ние се враќаме назад и причини, изговор за се бараме во Уставот. Тоа мислам дека нема да не доведе никаде и нема да ги постигнеме очекуваните резултати, што и ние овде како Парламент треба да ги постигнеме, а тоа го очекуваат граѓаните од нас.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Само една кратка информација. Очигледно е дека пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска ви посочи да се има предвид член 20 од Уставот, каде што сосема јасно и гласно е потенцирано дека на граѓаните им се гарантира слободно здружување итн, а не на правни лица. Токму тоа беа причините што Владата не го прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите нека достават точен број на присутни пратеници.

Во салата има 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 10, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/10.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/11.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Од причина што предлогот на овој амандман предложен од пратеникот и предлага секаде да се употребува еден термин на граѓани, тоа би значело дека во континуитет треба да се менува цела терминологија, а предлагам тоа да го направиме онака како во воведниот дел во иднина да го направиме со новиот закон, од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (Нема).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни во салата, гласале 59 пратеници, за гласале 7, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/12.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Очигледно тоа произлегува од неприфаќањето на првиот амандман за кој исто така Владата кажа дека не го прифаќа и тоа беше логично и тоа беше очекувањето после реакцијата на Владата на првиот амандман. Но, јас не се согласувам и сметам дека тоа не е во функција на реформите што треба Република Македонија да ги оствари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни во салата, за гласале 6, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/12.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од

пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/13.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа и овој амандман, кој што се однесува и поврза со делот на правните лица.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни во салата, за гласале 5, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/13.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/14.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници гласале, за гласале 7, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/14.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/15.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62пратеници гласале, за гласале 7, воздржани нема, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 по насловот на законот, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-3639/15.

Процедурално има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Од името на пратеничката група на СДСМ, барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е после работно време, ние работиме уште 40 минути.

**Славица Грковска:** Значи, останува за наредниот пат.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш овде ќе ја прекинеме седницата, затоа што нема смисла и да скратиме на половина час, па потоа за 10 минути, нема смисла. Ова е таков предлог што мора да се прифати.

Тука ќе ја прекинеме седницата, а утре во 15,00 часот имаме нова седница. Утре е Четиринаесетта седница на Собранието на Република Македонија која ќе се одржи во 15,00 часот, а оваа денешнава седница ќе биде дополнително закажана.

(Седницата прекина со работа во 17,25 часот)